| Нашите учениците да се  чесни, праведни, отворени за нови искуства и знаења, без предрасуди и дискриминација.<br>Љубопитни со изразено чувство на емпатија , самодоверба и лична среќа. Да се толерани и  да ги почитуваат различностите. Да имаат високо развиена свест за себе, за другите и за светот околу себе |
| **МОТО** |

| „Сонувај, верувај, учи“ | | |
|---|---|---|
| **ХИМНА НА УЧИЛИШТЕТО** | | |
| Ние потомците на Гоце,<br>Овде растеме, овде учиме<br>Доблесни луѓе да станеме.<br>Мир, моќ, среќа, знаење и разум,<br>Од прво, па додека го држиме здивот. | Од учителите наши,<br>Вечните идеи и зборовите твои,<br>Секогаш се тука, во мислите мои.<br>Мир, моќ, среќа, знаење и разум,<br>Од прво, па додека го држиме здивот | **Рефрен**:<br>Ова ни е дом,<br>светлина што не згаснува,<br>за долгиот пат, што сите нѐ очекува. |
| Текст: Камелија Симоновска | Музика: Елизабета Глишиќ | Аранжман: Живојин Глишиќ |

## 6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено / стекнати искуства

- Професионалното усовршување и размената на примерите од добри практики го подобруваат имиџот на училиштето.
- Обука – PIEP рамка за индикатори за квалитет на работата на училиштето (ИКРУ), 13 пилот училишта на територија на РСМакедонија.
- Добивме грант од 10.000 евра за училиштето кој ќе се искористи за зголемување на информатичка опременост и професионалните компетенции на наставниците за поефективно користење на ИКТ во наставата.
- Врз основа на искуството на овие пилот училишта се изработи нов Правилник за самоевалвација на училиштата врз основа на кој ќе се врши интегралната евалуација од страна на МОН.
- Зголемената посветеност за мотивирање на учениците да ги развиваат своите таленти, интереси и надарености ја зголеми нивната самодоверба, љубопитност и желба да ги истражуваат сопствените можности. Работата со овие деца ја наметна потребата за изработка на дополнителни инструменти, критериуми и стандарди идентификација и работа со нив.
- Родителите имаат потреба од дополнителна едукација и поддршка од училиштето во насочувањето и воспитувањето на своите деца. Заедничка цел ни е да бидат толерантни, одговорни, исполнителни, дружељубиви и љубопитни со почитување на правилата на однесување. Навремените, јасни, транспарентни информации, правила на однесување и куќниот ред на училиштето доставени до родителите допринесоа да се надминат недоразбирањата кои најчесто се пречка во позитивната комуникација.
- Меѓусебната секојдневна стручна соработка на наставниците во размената на дидактички материјали, искуства и добри практики.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Согласно констатираната состојба од Годишните извештаи, Самоевалуацијата и Развојната програма за работа на училиштето за период

од 2023-2027 година, во учебната 2024/2025 година за унапредување на воспитно-образовната работа, ќе бидат опфатени следните подрачја на промени:

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| **Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.** | Соработката меѓу стручните активи допринесува за создавање на стимулативна средина за учење, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби, комуникација и соработка помеѓу семејството и заедницата, инклузија на учениците со ПОП и реализирање на активности за интегрирање на содржините и постигнување на меѓупредметните цели.<br>Дополнително, колективот постојано се проширува со нов наставен кадар кој има потреба од помош и поддршка, на ниво на стручните активи.<br>Професионален развој и стручно усовршување на наставниците и стручните соработници во согласност со планот за професионален и личен развој на наставниците и преку континуирани обуки од Каталогот на акредитирани програми за обука на наставниците и стручните соработници во основните училишта.<br>Споделувањето на добрите искуства и практики од учествата на меѓународни и европски проекти ја развиваат свеста за глобално образование. |
| **Имплементирање на ревидираните кодекси и правилници.** | Имплементирање на ревидинраните кодекси и правилници, согласно спецификите на локалната средина, рефлексијата и новите предизвици.<br>Поставување на високи училишни стандарди за успех, позитивен став кон себе и другите и развивање на животните вештини.<br>Потребата произлегува со цел вклучување на сите чинители и следење и излегување во пресрет на новите потреби.<br>Изготвување на нови правилници „Во моето училиште нема место за насилство“, ажурурање на кодексите на однесување на учениците, родителите и вработените во согласност со насоките од МОН.<br>Ревидирани кодекси на однесување на сите субјекти и Правилникот за изрекување на педагошки мерки и наградување |

| | |
|---|---|
| **Доопремување на училиштето со ИКТ и обука на наставниците за стекнување / развивање ИКТ вештини.** | Следењето на светските текови и реалните потреби на наставниците и учениците, преку набавка на нова ИКТ опрема, ќе се одрази на квалитетот и осовременувањето на наставниот процес.<br>Наставниците ќе имаат големи придобивки по однос на личниот раст и развој, преку споделување на нови знаења со колегите и учениците. |

7.1 Акциски планови за приоритетите

| **Приоритетно подрачје на промени** | **Учење и настава** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели** | Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики. | | | | |
| **Очекувани исходи** | Зајакната и унапредена соработка меѓу стручните активи<br>Компетентни членови на стручните активи кои ќе оддржуваат дисеминации и ќе споделуваат добри практики<br>Подобрени практики за дисеминирање на сознанијата од посетените обуки<br>Професионален развој на наставниот кадар за реализирање квалитетна настава со учениците<br>Подобрени постигнувања на учениците при реализација на наставата;<br>Зголемена вклученост и зголемен интерес на учениците во следење на наставата | | | | |
| **Задачи** | 1.1. Квалитетни планови на активности на стручните активи<br>1.2. Компетентни членови на стручните активи кои ќе оддржуваат дисеминации и ќе споделуваат добри практики<br>1.3. Подобрени практики за дисеминирање на сознанијата од посетените обуки | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех**<br>(показатели, факти, информации) | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација**<br>(роковите треба да се поставени реално) | **Ресурси**<br>(човечки,финансиски, матерјални) | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Формирање на тимови во рамките на стручните активи | Лични планови на наставниот кадар и стручните соработници<br>Отворени часови | Наставници<br>Стручна служба<br>Директорка | Септември/октомври | Наставен кадар<br>Стручни соработници<br>Финансиски средства за реализација на обуки | Училишен тим за професионален развој |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и назначување на одговорни наставници | Извештаи од десиминации | | | Лап топи, хартија и друг канцелариски матерјал | |
| Анкета за интересот и потребите на наставниот кадар за реализација на обуки<br>Изготвување на личен план за професионален развој | Утврдени теми за обука и број на наставници заинтересирани за следење на обуката | Наставници, наставник по информатика, педагог | септември | Анкетни листови, компјутер, стручна литература | Директорка, педагог, одговорни на стручни активи |
| Обезбедување на средства и поддршка за учество на обуки | Учество и сертификати | Директорка, општина Центар, БРО и МОН | континуирано | Човечки и матерјални Ресурси | Училишен тим за професионален развој |
| Реализација на отворени нагледни часови | Одржани средби на стручните активи (најмалку 2 средби месечно / 14 средби годишно)<br><br>Успешна реализација на отворени нагледни часови и работилници | - одделенски наставници;<br>- предметни наставници<br>- стручни соработници;<br>- Директорка | септември 2024 – мај 2027 | Компјутер / лаптоп;<br>Интерактивна табла;<br>ЛЦД проектор;<br>Нагледни средства | Одговорните наставници на стручни активи;<br>Стручни соработници;<br>Директорка |
| Примена на стекнатите знаења и вештини од учеството во обуки | Имплементација на стекнатите знаења и вештини<br>Промовирање и поддршка на професионалниот развој | Обучени наставници<br>Стручни соработници | континуирано | Обрасци за следење на отворени нагледни часови<br>Формални и неформални разговори | Училишен тим за професионален развој<br>Директорка |
| Размена на | Примена на добрите | Обучени наставници | континуирано | Наставен кадар | Училишен тим за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| искуства | практики | и стручни соработници | | Стручни соработници | професионален развој |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **Училишна клима и односи во училиштето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели** | Ревидирање на постоечките кодекси и правилници, согласно спецификите на локалната средина, рефлексијата и новите предизвици.<br>Поставување на високи училишни стандарди за успех, позитивен став кон себе и другите и развивање на животните вештини.<br>Потребата произлегува со цел вклучување на сите чинители и следење и излегување во пресрет на новите потреби.<br>Изготвување на нови правилници „Во моето училиште нема место за насилство“, ажурурање на кодексите на однесување на учениците, родителите и вработените во согласност со препораките и протоколите од МОН.<br>Поддршка на учениците за вклучување во демократските процеси и активности и едукација на нивните родители со цел обезбедување услови за остварување на правата на децата и развивање на социјалните вештини и критичкото размислување. | | | | |
| **Очекувани исходи** | Ревидирани кодекси и правилници со учество на учениците<br>Подобрена училишна клима преку современи стратегии за менаџмент, применети од страна на наставниците и стручните соработници.<br>Информирани и мотивирани ученици за вклучување во демократските процеси и активности на училиштето;<br>Зајакнати родителски компетенции за поддршка на учениците во демократските процеси, организираност и партиципација во училишниот живот; | | | | |
| **Задачи** | Организирање и поддршка учениците да се вклучат во ревидирање на кодексите за учениците, родителите и наставниците.<br>Вклучување на учениците во работата на Наставнички совет, советите на паралелки и Училишниот одбор.<br>Реализација на работилници за родители за запознавање со ревидираните кодекси и правилници. | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех**<br>(показатели, факти, информации) | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација**<br>(роковите треба да се поставени реално) | **Ресурси**<br>(човечки,финансиски, материјални) | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ревидирање на Кодексите од работна група на наставници на тим билдинг | Изготвени ревидирани предлог Кодекси на однесување на учениците, родителите и наставниците | Работна група наставници<br>Камелија Симоновска<br>Калина Митевска | мај до септември 2024 | Наставници, стручна служба, Директорка<br>Финансиски средства (добиен грант)<br>Канцелариски матерјали | Директорка<br>Педагог<br>Ментор |
| Учество на членовите на Ученичкиот Парламент во ревидирањето и измените во постоечкиот Кодекс на однесување на учениците и Правилникот за педагошките и дисциплински мерки при прекршување на истиот | Предлози и записници од состаноци на Ученичкиот парламент<br><br>Нов ревидиран кодекс на однесување и правилник за педагошки и дисциплински мерки | Тим за поддршка на ученичкиот парламент<br>Членови на ученички парламент<br>Педагог | септември/октомври | Хартија,компјутер, интернет | Тим за поддршка на ученичкото организирање<br><br>Директорка<br>Педагог<br>Ментор |
| Вклучување на учениците на седниците на Наставнички совет, совети на паралелки, Училишен одбор | Вклучени членови од училишниот парламент во седници на наставнички совет, совети на паралелки и училишен одбор | Ученички парламент | октомври / јуни | Годишна програма за работа на училиштето, правилници, процедури, Закон за основно образование | Директорка, Педагог, претседател на Училишен одбор |
| Обука на наставници за менаџмент во училница и разрешување на конфликти помеѓу ученици и | Обучени наставници за менаџмент во училница и разрешување на конфликти<br>Подобрени компетенции се | БРО, МОН, наставници и стручна служба | континуирано | Хартија, компјутер, интернет, проектори, финансиски ресурси | Директорка<br>Педагог<br>Ментор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| дисеминација во училиштето за истите | проценети кај 90% од наставниците | | | | |

| **Приоритетно подрачје на промени** | **Постигнувања на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели** | Доопремување на училиштето со ИКТ опрема<br>Подобрени компетенции за ефективна настава со користење на дигиталната технологија, современи стратегии, техники и вештини. | | | | |
| **Очекувани исходи** | Подобрени услови за квалитетна современа настава<br>Подобрени постигања и мотивираност за учење на учениците | | | | |
| **Задачи** | Осовременување и доопремување на кабинетите со ИКТ опрема (компјутери и лап топи)<br>Обуки на наставниците за ефективно користење на ИКТ во наставата<br>Обезбедување на стабилен оптички интернет во училиштето | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси**<br>(човечки,финансиски, матерјални) | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| Набавување на лап топи и компјутери за доопремување на кабинетите<br>Обезбедување стабилен оптички интернет во училиштето | Набавени компјутери за кабинетите<br><br>Стабилен оптички интернет | Директорка<br>Комисија за јавни набавки | јуни / септември во првата година од развојната програма | Тендерка документација<br>Директорка<br>Комисија за јавни набавки<br>Секретар<br>Сметководител | Училишен тим |
| Стручно усовршување на наставниците за ефективно користење на ИКТ во наставата | Подобрени компетенции на наставниците | БРО, акредитирани провајдери, десеминации во и надвор од училиштето | мај 2024 и котинуирано до 2027 година | Сала за конференции и семинари<br>Обуки, презентации, дискусии и панели<br>Лап топ, смарт табли, проектори, | Училишен тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | финансиски ресурси<br>Обучувачи<br>Наставник по информатика | |
| Инсталирање на уреди за зајакнување на интернет пристап во училиштето | Подобрен интернет пристап во сите простории во училиштето | Наставник по информатика<br>Лице од МОН | септември 2024 континуирано | Рутер-модем, кабли, шема на простории во училиштето, УТТП | Директорка, секретар домаќин, наставник по информатика |
| Одржување на постојан и доволно јак интернет пристап во сите простории | Утврден постојан и јак интернет пристап при извршените контролни мерења | УТТП<br>Наставник по информатика | континуирано | Информатичка опрема, компјутер, печатач, план за контролни мерења | Одговорни на стручни активи |
| Квалитетно реализирање и следење на постигањата на учениците | Отворени часови со упореба на ИКТ<br>Подобрени постигања и мотивираност за учење на учениците | Одделенски и предметни наставници | континуирано | Материјали за реализација и следење | Одговорни на стручни активи<br>Училишен тим |

## 7.2 Акциски план за обучување на кадар за работа со деца со потешкотии во учењето и деца со посебни потреби

| **Приоритетно подрачје на промени** | Зајакнување на инклузивната практика во училиштето и зајакнување на капацитетите и знаењата на наставниците преку посета на разни акредитирани обуки за работаи стратегии со ученици со потешкотии и попреченост, примена и инплементација на знаењата стекнати од обуките преку Еразмос + во Финска и Шпанија - Тенерифе |
|---|---|
| **Цели** | Давање на информации, продлабочување на знаењето и посочување на методи и техники за работа со оваа категорија на ученици, примена на методи и техники, подготовка и реализација на Индивидуален образовен план, подготовка и реализација на Ревизија (чек листа) за постигнатиот успех на учениците со ПОП |
| **Очекувани исходи** | Наставниот кадар да умее да одговори на можностите и потребите на учениците со ПОП а со тоа да се подобри квалитетот на образованието кај овие ученици |
| **Задачи** | Запознавање на наставниците со можностите, потребите и потешкотиите со кои се соочуваат овие ученици, примена на разни методи и техники<br>Вклучување на наставниот кадар во разни обуки и едукативни трибини (според можностите за дополнително |

| | |
|---|---|
| | едуцирање и развој на професионалните компетенции) |

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| Утврдување на потребата на наставниците за обука за деца со ПОП | Резултати од анкета | Дефектолог, педагог | октомври - ноември | Анкета на наставници и родители/ или онлајн анкета | Директорка, стручни соработници и институции, локална самоуправа |
| Избор на наставници за обука | Избрани наставници | Наставници, обучувачи и едукатори | континуирано | Според интересот и потребите/посета на обука | Директорка, стручен соработник, тим |
| Реализирање на обуки | Сертификат | Акредитиран и избран обучувач | континуирано | Посета на обуки/онлајн обуки | Директорка, тим |
| Дисеминација на обуки | Извештаи од работилниците и обуките | Наставен кадар кој посетил обука | по секоја завршена обука | Работилница, презентација | Директорка,стручен соработник, тим |
| Евалуација | Евалуациони листи | Стручен соработник Директорка | по секоја завршена обука | Реализирање на часови со деца со потешкотии во учењето и деца со посебни потреби | Директорка, стручни соработници |
| Консултации/советувања на наставниот кадар за спроведување на активности за децата со ПОП | Извештаите од сработените активности и наставни материјали | Дефектолог | континуирано | Преку консултации, советувања, разговори меѓу стручната служба инаставниците за учениците со ПОП | Стручен соработник и наставници |
| Подобрување на инклузивната практика/ Инструктивна работа со наставници | Преку разговори, извештаи/ во зависност од ситуацијата и можностите | Дефектолог, педагог, наставници | континуирано | Консултативно-советодавна работа | Стручен соработник |
| Информирање на наставниците преку неформални средби, консултации, советувања со наставниците во врска | Изготвен ИОП (во зависност од потребната временска рамка) и Ревизија за крај | Наставници кои предаваат на ученици со ПОП, за кој е неопходен ИОП и Ревизија, стручна | континуирано | Хартија, тонер, печатач, стручен соработник, наставници, родители | Инклузивен тим на ученик, дефектолог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| со изготвување на ИОП и Ревизија за учениците со потешкотии | на I и II полугодие за учебната година | служба и родителите на децата | | | |

7.3 План за евалуација на акциските планови

| Акциски план | Одговорни за следење | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатори за успешност | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|
| Професионален развој на наставниците Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики. | Директорка, училишен тим за професионален развој | Зголемен број на обучени наставници со зголемени компетенции | Анкети, прашалници Формални и неформални разговори | Реализација на акцискиот план 80% | Извештаи, записници сертификати |
| Доопремување на училиштето со ИКТ и обука на наставниците за стекнување / развивање ИКТ вештини.<br><br>Обезбедување непречен интернет пристап во училиштето за ученици и наставници | Директорка, секретар, наставник по информатика, домакин, лице назначено од МОН | Опремени кабинети и 80% обучени наставници со ИКТ вештини<br>Подобрен пристап до постојан и јак интернет во сите простории во училиштето.<br>За 15% зголемена употреба на интернетот од учениците и наставниците | Мерења, анкети, листи за процена, извештаи | Во 95% од мерења е утврден постојан и доволно јак интернет прсистап во сите простории на училиштето | Мотивација на наставници и ученици за редовно користење интернет во наставата |
| Инплементирање на ревидираите кодекси и правилници. | Директорка, Работен тим наставници | Имплементирани и ревидирани кодекси и правилници | Анкети, прашалници, чел листи, | Презентирани и имплементирани кодекси на | Имплементиран придонес на учениците во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклучување на учениците во демократски процеси и активности, во работа на Наставнички совет, совети на паралелки и Училишен одбор | Стручна служба претставници од Училишен одбор Претседател на ученички парламент и ученички правобранител | Зголемен демократски придонес на учениците во работата на телата и органите и вклучување на заинтересирани ученици во активности | статистички анализи, разговори | однесување за учениците, родителите и наставниците Учество на заинтересирани ученици во 80% од реализираните седници на Наставнички совет, совети на паралелки и Училишен одбор | работата на училишните тела и органи и мотивација за нивно натамошно вклучување |

## 8. Програми и организација на работата во училиштето

### 8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште

| Седмица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024/2025** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | Септември | | | | | Октомври | | | | | Ноември | | | | | Декември | | | | | вкупно |
| понеделник | 2 | **9** | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | **9** | 16 | 23 | 30 | 16 |
| Вторник | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 17 |
| Среда | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | **23** | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 16 |
| Четврток | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 17 |
| Петок | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | **11** | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 16 |
| **вкупно денови** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **82** |

| Седмица | | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024/2025** | **II полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | јануари | | | февруари | | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | | вкупно |
| Понеделник | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | **31** | | 7 | | 28 | | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 19 |
| Вторник | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 22 | 29 | | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 21 |
| Среда | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 23 | 30 | | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | | 20 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Четврток | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 24 | | | **1** | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | | 19 |
| Петок | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 25 | | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | **6** | 13 | | 19 |
| **вкупно денови** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **98** |

4 Февруари - **Денот на училиштето** ( Патрониот празник). На овој ден во училиштето се изведува настава со посебна програма.

**Државни празници - неработни денови**
8 Септември (недела) - Ден на независноста на Република Северна Македонија – се префрла на 9 Септември (понеделник)
11 Октомври (петок) - Ден на народното востание
23 Октомври (среда) - Ден на Македонската Револуционерна Борба
8 Декември (недела) – Св. „Климент Охридски“ - се префрла на 9 Декември (понеделник)
31 Март (понеделник) – Рамазан Бајрам
1 Мај (четврток) – Ден на трудот
24 Мај (петок) - „Св. Кирил и Методиј“

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование со Календарот за организацијата и работата на основните училишта, се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмори за учебната 2024/2025 година.
Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие ќе започне на 2 септември 2024 година и ќе заврши на 30 декември 2025. Второто полугодие ќе започне на 20 јануари 2025 година.
Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор.
Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на цела работна недела.

### 8.1.1 Еколошки календар 2024-2025

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка | 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 19 септември | Светски ден за чистење | 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 септември | Меѓународен ден без возила | 22 април | Ден на планетата Земја |
| 4 октомври | Светски ден за заштита на животните | 15 мај | Меѓународен ден за заштита на климата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната | 20 мај | Ден на пчелата |
| 3 ноември | Светски ден на чистиот воздух | 22 мај | Меѓународен ден на биодиверзитетот |
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија | 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 21 март | Ден на пролетта | 5 јуни | Светски ден за животната средина |

## 8.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

| Име и презиме на наставникот | Одделенски раководител на паралелка | Број на наставни часови |
|---|---|---|
| Тања Василеска | I а | 20 |
| Елена Спасовска | I б | 20 |
| Ирина Крстева Петковска | II а | 20 |
| Јелена Ацковска | II б | 20 |
| Светлана Бебекоска | III а | 20 |
| Снежана Васкова / Викторија Боровска | III б | 20 |
| Софија Митева / Татјана Андреевска | IV а | 21 |
| Соња Андонова / Бранка Анчевска | IV б | 21 |
| Филимена Пешевска Митевска | V а | 20 |
| Соња Илиевска Гоџирова | V б | 20 |
| Калина Митевска | VI а | 20 |
| Христијан Здравковски | VI б | 20 |
| Сања Трајкоска | VII а | 20 |
| Маја Ѓорѓиевска | VII б | 20 |
| Камелија Симоновска | VIII а | 20 |
| Маја Д.Саридис | VIII б | 20 |
| Јасминка Стојановска | VIII в | 21 |
| Сузана Аврамовска | IX а | 36 часа на одделенската заедница годишно |
| Орнела Милевиќ | XI б | 20 |

***Распоредот на предметна настава ќе стане составен дел од оваа Годишна програма во месец август 2024 год.**

### 8.3 Работа во смени

Во училиштето е застапена задолжителна настава по сите наставни подрачја и предмети, со предвидениот број на часови според Наставниот план и програма за основно деветгодишно образование. Задолжителната настава ќе се организира во една смена. Наставните часови започнуваат во 8:00 часот, а завршуваат најдоцна до 13.25 часот.

Од 10 паралелки во одделенска настава, во 8 ќе се организира класична настава со дневен престој, а во 2 паралелки ќе се организира настава со продолжен престој. Дневен престој ќе се организира по завршување на редовната настава во 4 воспитно образовни групи за учениците од I, II и III одделение. Училиштето организира дежурства за згрижување на учениците од I до III одделение до 17 часот. Учениците од VI-XI одделение ќе бидат опфатени во 9 паралелки.

### 8.4 Јазик на кој се изведува наставата

| Податоци | Наставен јазик | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик |
| **Број на паралелки** | 19 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 440 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 35 | / | / | / |

### 8.5 Проширена програма

Училиштето во учебната 2024/2025 год. ќе реализира проширена програма според Законот за основно образование, член 40. Проширената програма во училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците, еден час пред започнување на наставата и еден час по завршувањето на редовната настава.

Дневниот престој е незадолжителен облик на воспитно-образовна работа наменета за ученици од одделенска настава која се реализира по редовната настава и има педагошки, воспитни и социјални вредности.

Ќе се организира дневен престој во 4 воспитно-образовни групи од исти одделенија од различни паралелки. Во учебната 2024/2025 година дневен престој ќе посетуваат околу 160 ученици од I, II и III одделение каде учениците ги продлабочуваат и утврдуваат веќе стекнатите знаења, ги пишуваат домашните работи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други активности согласно

со Годишната програма за работа на училиштето. Учениците во дневен престој може да бидат згрижени најдоцна до 17 часот. Во дневен престој учениците се вклучуваат во согласност на родителите.

***Проширената програма и програма за продолжен престој се дадени во <u>Прилог бр.20 и бр.21</u>**

### 8.6 Во училиштето нема комбинирани паралелки

### 8.7 Странски јазици што се изучуваат во училиштето

| **Странски јазик** | **Наставник** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|
| Англиски јазик (прв странски ј.) | Слободанка Прелоговски | 7 | 172 |
| | Камелија Симоновска | 7 | 151 |
| | Ивона Мицковска | 5 | 118 |
| Германски јазик (втор странски ј.) | Орнела Милевиќ | 9 | 205 |

Проектна активност од прво одделение - изучивање на руски јазик во одделенска настава.

### 8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од I до V одделение

| **Наставник – тандем настава** | **Одделение** |
|---|---|
| Христијан Здравковски - Тања Василеска, Елена Спасовска –I а и б одд<br>Јасминка Стојановска – Јелена Ацковска IIб<br>Ирена Симуновска – Светлана Бебекоска, Снежана Васкова и Викторија Боровска III а и б<br>Христијан Здравковски – Софија Митева и Татјана Андреевска IV а;<br>Ирена Симуновска - Соња Андонова и Бранка Анчевска – IVб<br>Христијан Здравковски – Филимена Пешевска Митевска V а<br>Ирена Симуноска - Соња Илиевска Гоџирова V б | I, II, III, IV и V одделение |

### 8.9 Изборна настава

Согласно препораките на БРО во текот на месец мај, изборните предмети се дефиниранат по пат на презентација на понудените предмети, се спроведува анкета со анкетни листови кои одделенските раководители ги доставуваат до родителите на учениците од одделенијата. Со обработка на резултатите од анкетата се одредуваат изборните предмети за кои се пријавени најмалку 15 ученици од исто

одделение, од иста или различни паралелки, по што училиштето организира изборна настава. Според нормативите за наставен кадар се определуваат наставниците кои ќе ја реализираат изборната настава во текот на учебната година. Изборните предмети влегуваат во редовниот распоред на часови на учениците. Исто така, се спроведува анкета и за учениците од III - VIII одд. кои се припадници на влашката, ромската, бошњачката, српската и турската заедница и во согласност од родителите може да го изберат и да го изучуваат избраниот јазик на заедниците континуирано, но како втор изборен предмет.
Слободните изборни предмети ќе се реализираат во IV и V одделение според новата концепција од наставничката по физика, Рада Манчева.
Прашалниците за избор на предметите преку ученици
те беа доставени во м.мај а анкетите ќе бидат доставени до родителите на почетокот на учебната година.

**Изборни предмети за учебната 2024/2025 година**

| Изборен предмет | Име и презиме на наставникот | Одделение | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| Матиматичко логичко размислување<br>Моделарство | Рада Манчева | IV аб | 19+20 |
| | | V аб | 20+22 |
| Мултикултурни работилници | Маја Јакимовска | VI а | 27 |
| 1 полугодие: Хемија во животната средина<br>2 полугодие: Разрешување на конфликти | Славица Божиновска | VI б | 29 |
| Вештини на живеење | Рада Манчева | VII а | 24 |
| 1 полугодие: Театарски работилници<br>2 полугодие: Креативно творештво | Орнела Милевиќ | VII б | 24 |
| Истражување на родниот крај | Славица Божиновска | VIII а | 23 |
| | | VIII б | 23 |
| Танци и ора | Мартина Пејчиновска | VIII в | 14 |
| | | IXа | 29 |
| | | IX б | 21 |

### 8.10 Дополнителна настава

Дополнителна настава ќе се организира според Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта. (Сл.весник бр.161/19 година) за учениците од II до IX одделение кои во текот на редовната настава не ги

постигнале очекуваните резултати од одредени наставни предмети.

Дополнителната настава ќе се организира за:

- ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет
- ученици кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка)
- ученици кои подолго време отсуствувале од настава
- ученици со потешкотии во учењето

Наставниците ја планираат и реализираат дополнителната настава со еден час седмично за наставен предмет со група од најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.
Ученикот од II - V одделение може да следи најмногу еден час седмично дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно.

Ученикот од VI - IX одделение може да следи најмногу по еден час седмично дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Учениците се вклучуваат во дополонителна настава по проценка на наставникот, а во согласност со родителот/старателот. Наставникот дополнителната настава ќе ја евидентира во образец на педагошката евиденција за дополнителна настава. За реализација на дополнителната настава ќе се изготвува месечен распоред кој ќе се објавува на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

| **Процедура за дополнителна настава** | | | |
|---|---|---|---|
| **Чекори** | **Активност** | **Целна група** | **Реализатор** |
| 1. | Изготвување на програма и распоред за дополнителна настава | Наставници, ученици, Директорка, стручна служба, МОН | Одделенски и предметни наставници |
| 2. | Организирање на дополнителната настава | Ученици со потешкотии во учењето | Одделенски и предметни наставници |
| 3. | Проценување од страна на наставникот за ученици на кои им е потребна дополнителна настава | Наставници, ученици | Одделенски и предметни наставници |
| 4. | Информирање на родителите на учениците кои се упатени на дополнителна настава | Наставници, родители | Одделенски и предметни наставници |
| 5. | Изготвување портфолио за ученикот како доказ за неговиот напредок | Наставници, родители, стручни соработници | Одделенски и предметни наставници |
| 6. | Евидентирање на дополнителната настава во Педагошка евиденција за дополнителна настава | Наставници, Директорка, стручна служба, МОН | Одделенски и предметни наставници |

***Распоредот за дополнителната настава ќе стане составен дел од оваа Годишна програма на почетокот на учебната 2024/25 година**

### 8.11 Додатна настава

Додатната настава ќе се организира според Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (Сл.весник бр.161/19 година), за учениците од II - IX одд. Оваа настава ќе се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделени наставни предмети и покажуваат особен интерес за проширување и продлабочување на знаењата.

Додатната настава може да ја следат ученици од II - IX одделение и тоа:

- напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет
- ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област/тема од наставната програма
- ученици што се пријавуваат за учество на натпревари

Наставниците ја планираат овој вид настава со еден час седмично за наставен предмет во одредено одделение во текот на целата учебна година. Ученикот ја следи додатната настава во текот на целата година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и соработка со родителот/старателот. Наставникот додатната настава ќе ја евидентира во образец на педагошката евиденција за додатна настава. Ќе се изготви месечен распоред за реализација на дополнителната настава кој ќе се објави на огласната табла и веб страната на училиштето.

| **Постапка за избор на додатна настава** | | | |
|---|---|---|---|
| **Чекори** | **Активности** | **Целна група** | **Реализатор** |
| 1. | Планирање на додатната настава, материјално-техничките услови и соодветни дидактички материјали | Наставници, ученици, Директорка, стручна служба | Одделенски и предметни наставници |
| 2. | Информирање и понуда на учениците за следење на додатна настава од одредена област | Ученици, родители | Одделенски и предметни наставници |
| 3. | Идентификување на учениците | Надарени и талентирани ученици | Одделенски и предметни наставници |
| 4. | Изготвување на програма според потребите на учениците и распоред за додатна настава | Наставници, ученици, Директорка, стручна служба, МОН | Одделенски и предметни наставници |
| 5. | Реализирање на програмата | Ученици, наставници | Одделенски и предметни наставници |
| 6. | Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите | Наставници, ученици, родители | Одделенски и предметни наставници |
| 7. | Водење педагошка евиденција за додатна настава | Наставници, Директорка, стручна служба, МОН | Одделенски и предметни наставници |

***Распоредот за додатна настава ќе стане составен дел од оваа годишна програма на почетокот на учебната 2024/25 година.**

## 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Акцентот во Програмата за работа со надарени и талентирани ученици ќе се стави врз методите и формите на работа кои се бидат насочени кон самостојно учење и користење информации, развивање на способности, формирање вештини, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата во нашето училиште ќе ја насочиме кон развивање на специфичните способности и потенцијали на надарените и талентирани ученици со:

индивидуализација во наставата со учениците

- групна настава за учениците со приближно исти способности
- слободни ученички активности според афинитетите
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности
- организирање креативни работилници

| **Тим за работа со надарени и талентирани ученици** | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Работна позиција** |
| 1. Сузана Аврамовска | Педагог |
| 2. Снежана Васкова | Одделенски наставник |
| 3. Маја Ѓорѓиевска | Предметен наставник по Македонски јазик |
| 4. Камелија Симоновска | Предметен наставник по Англиски јазик |
| 5. Ирена Цветковска | Предметен наставник по Математика |
| 6. Мартина Пејчиновска | Предметен наставник по Музичко образование |
| 7. Јасминка М. Стојановска | Предметен наставник по Физичко и здравствено образование |
| 8. Маја Ристевска | Предметен наставник по Ликовно образование |

**Процедура за работа со надарени и талентирани ученици**

| Активност | Цели | Одговорни лица | Време на реализација | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на критериуми. Изготвување на тестови, прашалници, листи за идентификација и на | Препознавање и поддршка на надарени и талентирани ученици | Училишен тим за работа со надарени и талентирани ученици и стручно лице од областа | септември / ноември | Изготвени критериуми. Осознавање на областите на надареност. План на активности за развивањена нивните потенцијали. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| надареноста и талентот. Изработка на План на активности. | | | | |
| Интервјуирање на детектираните ученици за нивните интереси. | Поттикнување и развивање на детскиот талент | Училишен тим | декември | Формирани групи според афинитетите и интересите според области. |
| Осмислување, организација и реализација на музичко шоу „Јас имам талент“ со голем дел на музички надарени ученици | Јакнење на самодоверба, стекнување на искуство на сцена, поттикнување на креативност, индивидуалност и желба за избр на професија од јавен карактер | Мартина Пејчиновска | февруари / мај | Спознавање на индивидуалните капацитети. Надминување на сопствените можности и граници. Јакнење на карактерот и подготвеност за совладување нови знаења и стекнување на поинакви искуства. |
| СКР со надарени ученици, родители и одд. раководители. Учество на надарени ученици во работата на секциите и во реализацијата на додатната настава. | Согледување на постигањата на надарените ученици | Училишен тим, одделенски и предметни наставници | април / мај | Пофалници, признанија и јавна промоција на постигнувањата. |
| Социометриска постапка. Присуство на родителски средби. Прашалник за родителите. | Утврдување на социо – емоционалниот статус на надарените и талентираните ученици | Стручна служба, Директорка, Родители | јуни | Почит и прифатеност на талентот како вредност од соучениците. |
| Водење на досие за учениците и промоција на постигањата. | Следење и увид во напредокот на ученикот | Одделенски и предметни наставници | континуирано | Евиденција за работата и напредокот. Јавна промоција на талентите и успесите. |
| Утврдување на јаки/слаби страни од примената на | Евалуација на програмите | Училишен тим | јуни / август | Изработени индивидуализирани програми за работа со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| програмите | | | | талентите по области |

## 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во редовните училишта се овозможува инклузија на ученици со потешкотии во развојот. Учениците кои имаат потешкотии во развојот се категоризираат како ученици со посебни образовни потреби. Овде се опфатени учениците со пречки во психофизичкиот развој, оштетен слух, вид, деца со аутизам и аутистичен спектар на нарушување, пречки во говорот, телесен инвалидитет, нарушување во однесувањето, емоционални проблеми, специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни и/или јазични депривирани средини итн.

Во воспитно образовната работа со учениците со посебни образовни потреби вниманието се насочува кон социјализацијата, развојот на детските способностите, личноста на детето и неговите потреби. Неговиот развој во границите на биолошките можности не е можен ако тие потреби не се задоволат, односно ако не се создадат дополнителни услови.

Во нашето училиште има ученици со посебни образовни потреби кои имаат документ од релевантни институции како што се Центарот за ментално здравје - кои имаат специфична проценка и МКФ (Меѓународна класификација на функционирањето, попреченост и здравје). Секој наставник изготвува индивидуални годишни програми за учениците со посебни образовни потреби врз основа на познавањето на учениците, во соработка со дефектологот, педагогот, родителите на децата и тимот за инклузија. Во училиштето се води евиденција за учениците со посебни образовни потреби преку ученички досиеа. На крајот на полугодието се прави ревизија на овие индивидуални програми од страна на наставникот, стручната служба, т.е. инклузивниот тим и инклузивниот тим за ученик.

Во Инклузивниот тим за ученик се вклучени сите одделенски и предметни наставници, стручната служба, родителите и образовните асистенти кои што им предаваат на учениците со посебни образовни потреби во класот. Во овој тим по потреба можат да се вклучат и други лица кои даваат поддршка на ученикот (лекар, друг вид на стручен соработник или рехабилитатор со кој ученикот работи надвор од училиштето и слично). Инклузивниот тим за ученик во фокусот на својата работа го има конкретниот ученик за кого е формиран овој тим, осносно тој ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за функционална проценка. Во таа смисла, доколку е препорачано, училишниот тим за ученик изготвува ИОП за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали, потреби и можности.

Инклузивниот тим на училиштето има поддршка од страна на МОН и ПОУРЦ „Иднина“ кои во учебната 2023/24 г. ни доделија вкупно 7 образовни асистенти и 3 лични асистента кои се доделени од Општина Центар. Образовните асистенти работат со по два ученика во еден клас, додека личните асистенти работат со по еден ученик. Распределбата на образовните асистенти ќе биде извршена пред почетокот на учебната 2024/25 година.

Во нашето училиште има 17 ученици со посебни образовни потреби од кои 14 имаат проценка од МКФ, а останатите 3 немаат наод и мислење од ЈЗУ, приватни установи и Завод за ментално здравје „Младост“.

**ЧЛЕНОВИТЕ ОД НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ**

| **Училишен инклузивен тим** | |
|---|---|
| **Координатор на Инклузивниот тим:** | Марија Јоноска (специјален едукатор и рехабилитатор- дефектолог) |
| **Членови на Инклузивниот тим:** | |
| 1. Маја Ангелова (Директорка) | 4. Камелија Симоновска (предметен наставник по Англиски јазик) |
| 2. Сузана Аврамовска (педагог-стручен соработник) | 5. Марија Хаџи Христовска (родител) |
| 3. Тања Василевска (одделенски наставник) | 6. Јованка Трпковска (родител) |

### 8.14 Туторска поддршка на учениците

Во училиштето нема тутор.

### 8.15 План на образовниот медијатор

Во училиштето нема вклучено образовен медијатор.

# 9. Вонаставни активности

При планирањето, организирањето и спроведувањето вонаставни активности во училиштето се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности. Вонаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците, ќе се евидентира од страна на одговорниот наставник.

| Видови вонnаставни активности | | |
|---|---|---|
| **1. Краткотрајни** | **2. Подолготрајни** | **3. Ученичко организирање** |
| Едукативни посети и излети | Секции | Заедница на паралелка |
| Еднократни работилници | Клубови | Ученички парламент |
| Акции во училиштето или заедницата | / | Ученички правобранител |
| Проекти | / | / |
| Гостувања надвор од земјата во рамките на проекти како Еразможс+ и збратимени училишта | / | / |

9.1 Училишни спортски клубови

| **Вонnаставна Активност** | Спортска рекреација | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одговорни наставници** | Јасминка Михајловска Стојановска, Христијан Здравковски | | | | |
| **Учесници (одд. / број на учесници)** | 30 - 40 ученици од I- IX одделение | | | | |
| **Подрачје, област** | Подобрување на физичката кондиција и координација | | | | |
| **Динамика на реализација** | Еднаш месечно со различни активности | | | | |
| **Просторија** | Во природа | | | | |
| **Активност** | **Цел** | **Време на реализација** | **Опрема / Ресурси и соработници** | **Методи, техники инструменти** | **Следење на учеството** |
| Возење на велосипед по должината на реката на кејот на Вардар, планинарска тура до средно Водно, пешачење во Градскиот парк, возење ролерки на кејот на реката Вардар. | Усовршување на своите вештини и психофизички способности | октомври / мај | Удобни обувки за планинарење, спортска опрема за пешачење, велосипед и ролерки. | Демонстрација на правилно одење, возење велосипед и ролерки | На отворено и во природа. |

| **Име на спортскиот клуб:** | | Гоцеви ѕвездички | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основан / датум:** | | 2017 | | | |
| **Одговорни наставници:** | | 1. Јасминка Стојановска | | 2.Христијан Здравковски | |
| **Вид на спорт** | **Цел** | **Конкретни** | **Време на** | **Број на ученици** | **Предвидени** |

| | | активности | реализација | | настапи и турнири |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбојка<br>Кошарка | Развивање на спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците | Изучување на основните технички елементи од одбојкарската и кошаркарската игра | Два пати неделно | 15 - 30 | Натпревари во организација на Федерација на училишен спорт. Турнири за VI и VII/ VIII и IX одд, Натпревари организирани од општина Центар. |
| Ракомет<br>Фудбал | Развивање на спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците | Изучување на основните технички елементи од ракометната и фудбалската игра | Два пати неделно | 15 - 30 | |

**Здружение училишен спортски клуб „ГОЦЕВИ SВЕЗДИЧКИ“ Скопје**
**Регистриран во 2017 година**
Дејност спорт - училишен спорт
**Одговорни лица:**
Јасминка Михајловска Стојановска и Христијан Здравковски
**Тим за следење на реализација**
Викторија Боровска,Маја Саридис, Сузана Аврамовска и родител од дете учесник

| Активност | Носители на активности | Начин на спроведување/ ресурси | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | Временска рамка | Потребен буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Спортска игра- одбојка кошарка (сите заинтересирани ученички) | Наставници по ФЗО Ученици од најмала возраст (I - V одд) и за ученици од (VI-IX одд) | Информирање на заинтересирани и пријавување (на почеток на учебна година). Обезбедување на термини во спортска сала (2 термини неделно) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците за овој спорт и совладување на основни техники од одбојкарската игра | Наставници по ФЗО | Цела година | Обезбедување финансирање: членарина од учесниците во спортските школи, спонзори и донатори, финансирање од страна на родителите |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Спортска игра-ракомет фудбал (сите заинтересирани ученици) | Наставници по ФЗО Ученици од најмала возраст I - V одд. и за ученици од VI - IX одд. | Информирање на заинтересираните и пријавување (на почеток на учебна година Обезбедување на термини во спортска сала (2 термини неделно) | Одиграни натпревари и добиени дипломи и пофалници | Поттикнување на интерес кај учениците овој спорт и совладување на основни техники од ракометната игра | Наставници по ФЗО | Цела година | Обезбедување на начин на финансирање: членарина од учесниците во спорт. школи, спонзори и донатори. Финансирање од страна на родителите |

| многу добар (4) | 10 | 24 | 13 | 20 | 4 | 1 | 2 | 5 | 9 | / | / | 18 | 6 | 10 | / | / | / | 2 | 13 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Добар (3) | 6 | 7 | 7 | 12 | 1 | / | / | / | 3 | / | / | 11 | 5 | 2 | / | / | / | / | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| доволен (2) | / | 2 | / | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Недоволен (1) | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 300 | 300 | 300 | 204 | 300 | 300 | 107 | 204 | 203 | 60 | 144 | 157 | 97 | 97 | 46 | 300 | 47 | 96 | 147 | 47 | 96 | 69 | 40 | 47 | 56 | 56 | 28 | 2 | 60 | 40 |
| **Просек** | **4,93** | **4,85** | **4,91** | **4,77** | **4,98** | **4,99** | **4,98** | **4,98** | **4,91** | **5,00** | **5,00** | **4,73** | **4,80** | **4.86** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **4,97** | **4,70** | **4,99** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** |

На почетокот на учебната 2024/2025 година ќе се формира тим за следење и евалуација на постигањата на учениците. Стручните активи во согласност со својата програма за работа, планираат реализација на нагледни часови, вклучување во реализација на Отворен ден за Граѓанско образование и подобрување на поддршката и вклученоста на учениците и родителите во активностите на училиштето. Стручната служба и стручните активи особено вниманите ќе посветат на следење, унапредување и осовременување на наставата.
***Планот за поддршка на постигањата на учениците е во Прилог бр. 30**

## 15.2 Професионална ориентација на учениците

Стручната служба во соработка со наставниците, ученците и родителите води грижа за професионалната ориентација на учениците и нивната професионална кариера. Целта на професионалната ориентација на учениците од VIII и IX одделение е да им помогнеме при изборот на средното училиште и да се насочат кон професиите кои најмногу би им одговарале на нивните способности, особености и афинитети.
Процесот на професионалната ориентација се одвива во следните основни фази:

- професионално информирање;
- професионално ориентирање;
- евалуација, следење на спроведеното советување и ориентирање.

***Програмата за професионална ориентација на учениците е дадена во Прилог бр.31**

**Училишен тим за професионална ориентација на учениците**

| Членови на тимот | Работна позиција |
|---|---|
| 1. Сузана Аврамовска | Педагог |
| 2. Марија Јоноска | Дефектолог |
| 3. Камелија Симоновска | Одделенски раководител на VIIIа |
| 4. Маја Саридис | Одделенски раководител на VIIIб |
| 5. Јасминка Стојановска | Одделенски раководител на VIIIв |
| 6. Сузана Аврамовска | Одделенски раководител на IXа |
| 7. Орнела Милевиќ | Одделенски раководител на IXб |

## 15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација

Училиштето изготвува и применува политика на училиште кое ја промовира добросостојбата на учениците, спроведува превенција од меѓуврсничко насилство и спречување на секаков облик на дискриминација. Целта е намалување на насилното однесување на учениците и подигнување на свеста за можните последици. Училиштето изработи план на училишната политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ќе се превземат. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и превзема соодветни мерки за справување и разрешување на истите.

За превенција од болестите на зависност училиштето има усвоено политика и програма за работа и едукација на учениците. Одделенските раководители и раководителите на паралелките на одделенските часови реализираат работилници од програмата Образование за Животни вештини. Идентификацијата на учениците кои имаат проблеми со зависности се врши во соработка со стручната служба и родителите и се превземаат мерки за нивно надминување.

Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручната служба, а потоа се преземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите и известување до педагошката служба во МОН. Стручната служба остварува соработка со Центарот за социјални грижи, МВР, Центарот за ментално здравје и други надлежни институции.

**Училишен тим за превенција од насилство**

| Членови на тимот | Работна позиција |
|---|---|
| 1. Маја Ангелова | Директорка |
| 2. Сузана Аврамовска | Педагог |
| 3. Софија Митева | Одделенски наставник |
| 4. Викторија Боровска | Одделенски наставник |
| 5. Калина Митевска | Предметен наставник |
| 6. Орнела Милевиќ | Предметен наставник |
| 7. Слободан Покупец | Предметен наставник |

*** Програмата за превенција од насилно однесување е дадена во <u>Прилог бр. 32</u>**

*** План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација во <u>Прилог бр.32.1</u>**

# 16. Оценување

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Оценувањето на учениците е транспарентно и објективно, и е поткрепено со формативно следење на постигнувањето на ученикот со различни листи на оценување кои секој наставник за секој ученик ги приложува во ученичкото досие. Секој наставник изготвува годишното планирање за оценување на учениците.
Дефектологот, член на овој тим, конкретно е задолжен за следењето, поддршката, координацијата и давањето насоки за оценувањето на децата со ПОП во текот на целата учебна година во рамките на индивидуалниот изготвен ИОП за секој ученик одделно, вклучувајќи ги наставните материјали т.е. докази. Учениците кои според препораката од МКФ работат според Модифицирана програма, во сите три образовни периоди се оценуваат описно.

## 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Постигањата на учениците во основното образование се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и бројчани оценки. Според Законот за основно образование оценувањето на учениците се врши на следниов начин. Учениците од првиот период (I - III одд.) во текот на наставната година добиваат описни оценки за задолжителните и изборни предмети. Учениците од вториот период ( IV- VI одд.) во текот на наставната година по задолжителните и изборни предмети се оценуваат со описни оценки додека на крајот од учебната година се оценуваат со бројчани оценки и општ успех. Учениците од третиот период (VII -IX одделение) за задолжителните и изборни предмети се оценуваат со бројчани оценки и општ успех.

## 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето

На ниво на училиште функционира тим составен од сите наставно-воспитни структури во училиштето, кој го следи и анализира процесот на оценување. Целта на ова следење е зголемување на објективноста и етичноста во оценувањето, континуираност во оценувањето, унапредување на оценувањето. Секој наставник во своето планирање за оценување има подготвено критериуми и стандарди според кои ги оценува постигањата на учениците. Со критериумите и стандардите за оценување наставниците ги запознаваат сите ученици, како и родителите /старателите на учениците.

**Тим за следење, анализа и поддршка**

| Членови на тимот | Работна позиција |
|---|---|
| 1. Маја Ангелова | Директорка |
| 2. Сузана Аврамовска | Педагог |

| | |
|---|---|
| 3. Марија Јоновска | Дефектолог |
| 4. Наташа Јосимовска Георгиева | Одговорен наставник на стручниот актив по одд.настава |
| 5. Маја Спасевска | Одговорен наставник на стручниот актив на дневен престој |
| 6. Сања Трајкоска | Одговорен наставник на струч. актив по јазична група предмети |
| 7. Славица Божиновска | Одговорен наставник на струч. актив по природно-матем.група предмети |
| 8. Калина Митевска | Одговорен наставник на стручниот актив по општествен. група предмети |
| 9. Христијан Здравкоски | Одговорен наставник на стручниот актив по уметничка група предмети |

Училиштето врши следење, анализа и подршка на квалитетното оценување. За таа цел се следи, споредува и анализира успехот на учениците по класификациони периоди, по учебни години, по наставни предмети, по пол и етничка припадност. Се следи начинот на оценувањето од страна на наставниците, особено на наставниците почетници и им се дава поддршка од наставниците – ментори, педагогот и Директорката.

***Планот за следење и анализа на состојбите со оценувањето е даден во <u>Прилог.бр.33</u>**

### 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата во воспитно-образовниот процес

Во текот на наставната година Директорката и стручната служба врши следење и вреднување на квалитетот на работата во воспитно-образовниот процес, преку посета на редовните, дополнителни и додатни часови, четири пати годишно кај секој наставник**.** Директорката ја истакнува целта на посетата и по завршување на посетата на часот врши консултација со наставникот за реализираниот час и дава насоки за подобрување на наставата. Квалитетот на воспитно образовниот процес се следи и вреднува преку стручни посети и од БРО и ДПИ.

***Планот за стручни посети е даден во <u>Прилог бр.34</u>**

### 16.4 Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование спроведува самоевалвација на сопствената работа и постигања. По спроведената самоевалвација училишната комисија изготвува извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Изготвениот извештај го доставува Училишниот одбор, Директорката на училиштето, општина Центар и МОН.

- Во учебната 2022/2023 година бевме вклучени во Обука – PIEP рамка за индикатори за квалитет на работата на училиштето (ИКРУ), 13 пилот училишта на територија на РСМакедонија – со грант од 10.000 евра за училиштето. Врз основа на искуството на овие училишта ќе се изработи нов Правилник за самоевалвација на училиштата врз основа на кој ќе се врши интегралната евалуација од страна на МОН.
- На крајот од учебната година се формираа нови училишни тимови кои спроведоа анкети до родителите, учениците и наставниците според новите индикатори и подрачја.

**Училишна комисија**

| Име и презиме | Работно место |
|---|---|
| 1. Сузана Аврамовска | Педагог |
| 2. Наташа Јосимовска Георгиева | Наставник во дневен престој |
| 3. Сања Трајковска | Предметен наставник |
| 4. Калина Митевска | Предметен наставник |
| 5. Викторија Мадиќ | Родител |

* **Сите наставници** во училиштето се распоредени пропорционално во секое од подрачјата на Самоевалуацијата.

**Тимови за самоевалуација според новата рамка на индикатори и подрачја**

| Ред.бр. | Подрачје | Координатор и членови на тимот |
|---|---|---|
| 1. | Планирање, настава и учење | **Соња Илиевска Гоџирова (координатор),** членови: , Христијан Здравковски, Тања Василевска, Анета Кметовска, Наташа Јосимовска Георгиева, Рада Манчева , Татјана Андреевска , Орнела Милевиќ |
| 2. | Постигања на учениците | **Елена Спасовска (координатор),** членови: Ирина П. Крстева, Софија Митева, Маја Спасеска Поповски, Филимена Пешевска Митевска, Јасминка Михајловска Стојановска , Слаѓана Елезовиќ Ирена Цветковска , Ивона Мицковска |
| 3. | Училишна клима и односи во училиштето | **Калина Митевска (координатор),** членови: Снежана Васкова Викторија Боровска, Мартина Пејчиновска, Маја Ѓорѓиевска, Славица Божиновска, Марија Јоноска, Соња Андонова , Маја Саридис |
| 4. | Управување, раководење и креирање политика | **Сања Трајкоска (координатор),** членови: Бранка Анчевска, Јелена Ацковска, Камелија Симоновска, Сузана Аврамовска, Светлана Бебекоска , Слободанка Прелоговски |

***План за спроведување на самоевалуацијата е во Прилог бр.35**

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените, која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така е дел од оваа програма и ќе се реализира во соработка со надлежните институции. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците во самата училишна зграда и во училишниот двор за време на одморите. Редовно ќе се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е ангажирано од Агенција за обезбедување, финансирано од страна на општина Центар. Учениците од одделенска настава се згрижуваат и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, за што се води редовна евиденција.

Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- Правилник за заштита од пожари, поплави и слични закани и ризици како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- План за заштита и спасување, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- План за добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање и спречување на дискриминација.
- Куќен ред, со одредби во него за учениците, наставниците, стручните соработници, администартивниот, раководниот кадар и помошните работници.
- Изготвен Кодекс на однесување за наставниците и стручните соработници, за учениците и родителите.
- Истакнат рапоредот на дежурства на наставниците на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на големиот одмор и одморите меѓу часовите, ќе се води грижа за безбедноста на учениците.
- Училишниот одбор на ден 25.02.2022 год., донесе нов правилник на за педагошки мерки согласно Протокол - постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.
- Изготвување на нов Правилник согласно препораките и протоколот од МОН и Кодекси на однесување на учениците, родителите и наставниците на ниво на сите училишта на територијата на општина Центар. Вклучени се стручните служби и секретарите на училиштата.

### 17.1. Програма за лична и колективна заштита и безбедност

***Распоредот за дежурни наставници ќе биде дел од програмата до почетокот на учебната 2024/25 година како дополнување.**
***Програма и планот за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во <u>Прилог бр.36</u>**

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1 Хигиена во училиштето

И оваа учебна година приоритет на нашето училиште ќе биде обезбедување на чиста и здрава средина и околина за сите. Преку советодавна работа, училишни акции, предавања, работилници и слично ќе се поттикнува свеста кај учениците за одржување на личната и општата хигиена. Дежурните наставници за време на одморите и хигиено-техничкиот персонал и сите други субјекти за време на часовите ќе се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор.
Заштитата и унапредувањето на здравјето на ученици е обврска на сите ученици и вработените во училиштето, во непосредна соработка и подршка од родителите, здравствената служба и поширокатa заедница. Тоа влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, при што ќе се негува здрав стил на живеење.

### 18.2 Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III, V, VII и IX одделение, со опфат на мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, како и лабораториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителните стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I - VI одделение, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото и запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЗД „Идадија“ во присуство на одделенските раководители и родителите на учениците од помалата возраст.
При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација, стоматолошки и офтамолошки преглед за детето како услов за запишување. Во текот на целата учебна година во соработка со стручна екипа од ЗД „Идадија“ на учениците им се одржуваат предавања и работилници за оралната хигиена.
Сите вработени еднаш годишно одат на систематски преглед и бактериолошки испитувања.

### 18.3 Вакцинирање

Имунизација (вакцинација) се врши за ученици од одделенска и предметна настава. Опфатени ученици за вакцинација и имунизација се учениците од I, II, VI, VIII и IX одделение. Имунизацијата се врши во амбулантата „Бит Пазар“ во присуство на родителите и одделенските раководители. Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат, и тоа:

- I одделение (со навршени шест години) се врши ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит)
- II одд и III одд се врши ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина.
- VII одд. се врши вакцинација за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.
- Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
- IX одд. (девојчиња) се врши ревакцинација од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

Одговорно лице од училиштето кое ги информира родителите, преку одделенските раководители, за спроведувањето на редовните систематски прегледи и вакцинации е педагогот на училиштето.

### 18.4 Едукација за здрава храна

Едукацијата на учениците за здрава храна ќе се реализира преку едукативни предавања од здравствени работници и експерти од таа област, кои се реализираат во воннаставните активности. Покрај тоа, наставниците на часот на одделенската заедница ќе планираат обработка на теми за здрава храна, а на редовните часови ќе се обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење (биологија, природни науки, унапредување на здравјето како изборен предмет итн.).

Свесноста за важноста од здравата исхрана како важен фактор за здравјето на учениците ќе се поттикнува преку предавања и работилници кои ги организира училиштето во соработка и подршка на родителите, индивидуалните совети за учениците, но и со имплементирање на проектот „Македонија земја на Сонцето, овошјето, зеленчукот и лековитите билки“ во соработка со нутриционист. Целта на проектот е едукација на учениците за здрава храна, подигнување на свеста за конзумирање здрава храна и продобивките од неа.

Се води грижа и за квалитетот на храната во училишната кујна за учениците во продолжен престој во согласност со Правилникот за стандардите за исхрана и оброците во основните училишта.

***Програмата за грижа за здравјето на учениците во <u>Прилог бр.43</u>**

# 19. Училишна клима

## 19.1 Дисциплина

Одговорни за дисциплината во училиштето се сите вработени и учениците, согласно етичкиот кодекс на однесување на сите субјекти. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред, правилници и кодекси за однесување. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиштето. Распоредот за дежурствата на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор ќе се изработи и истакне во училиштето и ќе се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања.
Во случаи на непочитување на правилата на однесување ќе се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови и записници за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

**Програма за училишна дисциплина**

| Планирани активности | Време на реализација | Реализатори | Ресурси | Метод и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на однесување | септември | Одделенски раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со Директорка и педагог | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвување распоред на дежурни наставници по | на почетокот од учебната година | Одговорни наставници за одделенска и предметна настава | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и почитување на распоредот на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| катови | | | | | дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици во паралелки | континуирано | Класни раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Позитивна училишна клима |
| Давање насоки за однесувањето во тоалетите | во текот на целата учебна година | Наставници | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| Соработка со Агенција за обезбедување | во текот на целата учебна година | Директорка | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор со агенцијата за обезбедување | Безбедна и сигурна средина |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | во текот на целата учебна година | Дежурни наставници и ученици | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |
| Информирање и запознавање на учениците и родителите со Правилникот за изрекување педагошки мерки, пофалби и награди | на почетокот на учебната година | Одделенски раководители | Правилникот за изрекување педагошки мерки, пофалби и награди | Евидентни листи, одделенски дневници и записници | Безбедна, мотивирачка и позитивна училишна клима; Намалена недисциплина и несоодветно однесување; |

**План за подобрување на училишната дисциплина**

| **Активности** | **Реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Континуирани консултации, советодавни разговори со учениците и нивните родители за грижа, заштита и благосостојба на учениците | Директорка, педагог и дефектолог | во текот на учебната година |
| Водење континуирана грижа за учениците и следење на нивното однесување преку редовно и активно дежурство од страна на наставниците | Дежурни наставници<br>Наставници | во текот на учебната година |
| Спроведување работилници на одделенските часови и СУА | Одделенски раководители<br>Одговорни наставници | по потреба / еднаш седмично |

| | | |
|---|---|---|
| Реализирање на работилници, дебати од страна на стручните соработници во делот на спречување конфликти, решавање на проблеми, јакнење на самодовербата и самодисциплината | Педагог, дефектолог,<br>Ученички парламент<br>Ученички правобранител | во текот на учебната година |
| Проценување и идентификација на учениците со проблеми во однесувањето и социјализацијата преку организирани социјални и забавни активности | Одделенски раководители и наставници | во текот на учебната година |
| Следење и евидентирање на социјалното однесување на учениците во соодветна документација | Наставници и стручна служба | континуирано |
| Промовирање на секојдневна позитивна комуникација во училиштето меѓу сите субјекти, создавање на позитивна и пријатна клима за престој и работа во училиштето | Директорка, стручна служба,<br>Наставници и други вработени | континуирано и секојдневно |

Врз основа на член 72 став 1 и член 108 став 1 алинеа 12 од Законот за основното образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.161/19), Училишниот одбор на ден 25.02.2022 год., донесе нов усогласен Правилник за педагошки мерки согласно Протокол - постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

## 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштето ќе ја продолжи тенденцијата за разубавување на ентериерот и креирање на имиџ на современо училиште кое во голема мера ќе обезбедува сите субјекти да се чувствуваат пријатно и да го негуваат чувството на припадност кон училиштето.
Естетскиот изглед на училиштето е значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата чистота, уредност и естетски изглед треба позитивно да влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето и украсување на училниците, ходниците и училишниот двор е постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени. Функционалното уредување на училницата, ходниците, украсувањето со слики, цвеќиња, ученички трудови, награди и признанија е активност на секој одделенски актив.

**Тим за естетко и функционално уредување на просторот**

| Име и презиме | Работна позиција |
|---|---|
| 1. Маја Ристевска | Предметен наставник по ликовно образование |
| 2. Мартина Пејчиновска | Предметен наставник по музичко образование |
| 3. Светлана Бебекоска | Одделенски наставник |
| 4. Соња Андонова | Одделенски наставник |

***Планот за естетско и функционално уредување на просторот е во <u>Прилог бр.38</u>**

### 19.3 Етички кодекси

Училиштето има донесено етички кодекси за однесување на учениците, родителите и вработените. Истите се ревидирани од страна на работен тим на наставници во м.мај 2024 година на тим билдинг. Етичките кодекси се разгледани и усвоени од Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор и ученичкиот парламент. На почетокот на учебна година на одделенските часови учениците се запознаваат и потсетуваат за кодексите на однесување. Родителите се потсетуваат и запознаваат со кодексот на однесување преку Училишниот информатор, веб страната на училиштето и на родителските средби, додека наставниците на Наставничките совети. По потреба етичките кодекси се променуваат и истите промени се разгледуваат и прифаќаат од ученичкиот парламент, наставничкиот совет и советот на родители со цел да се надминат критичните точки во комуникацијата.
***Правилникот за однесување на ученици, наставници и родители е даден во Прилог бр.39**

### 19.4 Односите меѓу сите структури во училиштето

Внатрешната комуникација и меѓучовечките односи меѓу сите структури во училиштето се на високо ниво. Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директорка, стручна служба, Училишен одбор, Совет на родители, ученичките организации и стручните активи). Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.
Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе оствaруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети..

Училишниот тим оваа учебна година ќе направи анкети за детектирање на евентуални критични точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето, ќе се разгледаат слабостите на комуникацијата и ќе се предложат соодветни начини за нивно надминување. Училишниот тим го сочинуваат членовите на подрачје број 3 (Училишна клима) од Самоевалуацијата на училиштето.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

**Цел:** Надградба и подобрување на професионалниот и кариерниот развој на наставниците, придонесувајќи за повисок квалитет на наставата во училиштето и подобри достигнувања на учениците во Република Северна Македонија.
Училиштето се грижи за професионалниот развој во кој се вклучени сите одделенски и предметни наставници, наставник – ментор Соња Илиевска Гоџирова како и стручната служба.
Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно,

како и надворешно усовршување кое го врши Бирото за развој на образованието, МОН и други едукативни центри.

**Тим за професионален и кариерен развој**

| Име и презиме | Координатор и членови на тимот |
|---|---|
| 1. Соња Илиевска Гоџирова | Одделенски наставник |
| 2. Сузана Аврамовска | Стручен соработник |
| 3. Маја Саридис | Предметен наставник по Биологија |

## 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар преку навремени информации и мотивација редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Тимот за професионален развој на образовниот кадар прави анкета за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар, во која наставниците ги изнесуваат своите потреби од дополнителни обуки и дава поддршка за самопроценка од страна на наставниците. Наставниците и стручната служба подготвуваат личен план за професионален развој според кој ќе ги подобруваат своите професионални компетенции.

## 20.2 Активности за професионален развој

Од досега спроведените анкети и личните професионални планови, наставниците најчесто имаат потреба од обуки за современите методи, форми, техники и стратегии за реализација на наставата, обука за изработка на проекти, работа со талентирани ученици, работа со деца со посебни образовни потреби и особено за дигитална писменост.
Дел од активностите ќе бидат вметнати во програмата за работа на стручните активи и за нив ќе бидат поднесени барања до надлежните институции (БРО, МОН). Редовно ќе се вршат дисеминации на обуките, семинарите и проектите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не учествувале на истите.

**План за професионален развој – стручен развој на наставен кадар и стручни соработници**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Воспитание во современ контекст:развивање | Обука за стекнување на знаења за воспитно | Универзитет во Тетово | во текот на учебната година | -да ги увидуваат причините за појава на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| социо-емоционални вештини кај учениците (Тања Василеска, Елена Спасовска Ирина П.Крстева Јелена Ацковска Софија Митева Татјана Андреевска) | образовниот систем | | | емоции; да преземаат одговорност за сопствените емоции што произлегуваат од фрустрирачки ситуации. -да умеат да ги поддржат учениците да се чувствуваат овластени и сигурни во ситуации кога имаат контрола и да се смирени и да ги прифаќаат ситуациите кога не се под нивна контрола -воочување на придонесот на јаките страни и намалување на јачината на слабите страни на поединците кои се дел од група. |
| Справување со врсничкото насилство и кибернасилство (Тања Василеска, Елена Спасовска, Ирина П. Крстева, Јелена Ацковска Софија Митева, Татјана Андреевска | Обука за стекнување на знаења за воспитно образовниот систем | Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје | во текот на учебната година | -Обучени наставници за користење техники за превенција на врсничко насилство -Обучени наставници за справување со врсничко насилство и кибернасилство. |
| Посета и учество на обуки за знаења за наставниот предмет (Одделенски и предметни наставници) | Обука на предметните наставници во рамките на наст. предмет и воспитно образовниот систем | МОН, БРО | во текот на учебната година | Стекнати нови и продлабочени знаења од страна на наставниците |
| Учество на обука од областа на социјалната и образовна инклузија: стратегии, методи и | Стекнување знаење за работа со надарени и талентирани деца, избор на соодветни форми, | МОН, БРО, акредитирани програми за обука на наставници | во текот на учебната година | Изготвени инструменти за идентификација, применети соодветни форми, методи и техники |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| техники за работа со надарени деца (Марија Јоноска Камелија Симоновска Калина Митевска Ирена Цветковска Ирина П.Крстева) | методи и техники за работа | | | за работа. Учество на натпревари. |
| Учество на обука за стратегии, методи и техники за работа со надарени деца (Сузана Аврамовска Марија Јоноска)Пе | Стекнување знаење за работа со надарени и талентирани деца, избор на соодветни форми, методи и техники за работа | Соодветна институција | ноември | Изготвени инструменти за идентификација, применети соодветни форми, методи и техники за работа. Учество на натпревари. |
| Употреба на дигитални алатки за учење од далечина и употреба на смарт табла | Обука и подготвеност на наставниот кадар за учење од далечина | МЦГО, УСАИД и БРО Интерна обука | август / септември | Обучени наставници |
| Учество на обука за планирање и подготовка на наставата (Мартина Пејчиновска) | Стекнати знаења за поучување и учење на помладиот наставен кадар (наставници во продолжен престој) | МОН, БРО | септември / октомври | Стекнати нови и продлабочени знаења за планирање и подготовка на наставата од страна на наставниците |
| Учество на обука од областа на поучувањето и учењето: настава за развивање критичко мислење кај учениците (Камелија Симоновска Калина Митевска Ирена Цветковска Ирина П.Крстева) | Оспособеност на одделенските и предметните наставници за примена на наставни техники за поттикнување на критичкото мислење на учениците | МОН, БРО, акредитирани програми за обука на наставници | во текот на учебната година | Ученици со развиено критичко размислување |
| Обука за новата наставна програма за согласно Концепцијата на основно образование за | Обука на наставниот кадар за новата програма | МОН, БРО | мај / август | Подготвени и обучени наставници за користење на новата програма согласно Концепцијата за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| наставниците од одделенска настава и предметна настава | | | | основно образование. |
| Учество во проекти Еразмус +<br>(Наставници<br>Стручна служба<br>Директорка) | Стекнато знаење за европските образовни системи | Национална агенција за европски образовни програми | во текот на учебната година | Обучени наставници за европски образовни програми и мобилност за промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието |
| Професионална ориентаија на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариререн развој<br>(Марија Јоноска) | Да се стекне знаење за професионална ориентаија на учениците | МОН, БРО | во текот на учебната година | Стекнување нови и продлабочени знаења |
| Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час<br>(Сузана Аврамовска<br>Марија Јоноска) | Да се стекне знаење за развојот на социјалните вештини и самодоверба кај учениците и справување со проблематично однесување | МОН, БРО | во текот на учебната година | Стекнување нови и продлабочени знаења |
| Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците<br>(Калина Митевска,<br>Камелија Симоновска,<br>Ирена Цветковска,<br>Слаѓана Елезовиќ- Јола,<br>Снежана Васкова,<br>Светлана Бебекоска и<br>Викторија Боровска) | Професионално усовршување на воспитно-образовен кадар (наставници) | МОН, БРО | во текот на учебната година. | Усовршени наставници за развивање социо-емоционални вештини кај учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво<br><br>(Наташа Јосимовска Георгиева, Маја Спасеска Поповски, Бранка Анчевска, Ивона Мицковска, Дори Стојчева) | Оспособување за:<br>- креирање наставни стратегии и техники за сите функционални нивоа;<br>- дизајнирање методски модели за развој на функционални знаења;<br>- применување функционални методски модели за стекнување знаења од различно функционално ниво; | Педагошки Факултет ,,Св. Климент Охридски”, Скопје и Здружение на информатичарите на Македонија – Скопје | во текот на учебната година | Стекнати нови и продлабочени знаења за стратегиите и техниките преку кои се развиваат функционални знаења кај учениците |
| Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница<br>(Наташа Јосимовска Георгиева<br>Маја Спасеска Поповски<br>Бранка Анчевска<br>Ивона Мицковска<br>Дори Стојчева) | Оспособување за:<br>- практична примена на стратегиите за менаџмент во училница за одржување на авторитетот;<br>- самостојно изработување правила за комуникација меѓу наставник − наставник, наставник − ученик и наставник − родител | Друштво за друго образование на возрасни и консалтинг услуги - АКАДЕМИЈА Ц.Е.С. ДООЕЛ Скопје | во текот на учебната година | Стекнати нови и продлабочени знаења за стратегиите за менаџмент во училницата |
| Стратегии, техники и методи за работа со надарени деца<br>(Анета Кметовска) | Препознавање на надарените ученици во воспитно-образовниот процес | Друштво за интелектуални и образовни услуги Виртуал-М ДООЕЛ Куманово | во текот на учебната година | Стекнати нови и продлабочени знаења |
| Справување со врсничко насилство и кибернасилство<br>(Анета Кметовска) | Препознавање на врсничко насилство кај учениците | Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ Инвест ДООЕЛ Скопје | во текот на учебната година | Стекнати нови и продлабочени знаења |

* Планот е изготвен согласно Каталогот на акредитирани програми за обука на наставниците во основните училишта и Каталог на

акредитирани програми за обука на стручните соработници во основните училишта подготвено од БРО согласно законските надлежности.

### 20.3 Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие на наставникот и се развива и реализира преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО и соодветни институции, како и од дисеминации организирани од училиштето или приватни обуки финансирани по можност од училиштето или лично од наставникот. Наставникот и стручните служби доставуваат извештај од реализација на личниот план за професионален развој. Наставниците и стручната служба подготвуваат личен план за професионален развој според кој ги подобруваат своите професионални компетенции.

Личниот професионален развој на наставниците во училиштето ќе се реализира преку:

1. Изготвување на план за личен професионален развој од страна на секој наставник
2. Евалуација од следењето на работата на наставниците преку посета на часови од страна на Директорката
3. Извештаи од стручни посети на советниците од БРО
4. Извештај со резултати од интегрална евалуација од МОН
5. Мотивирање на наставниците за постојано посетување и учество на семинари и обуки за стекнување на сертификати, учество во конференции, регионални средби и слично.

### 20.4 Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се одвива и преку хоризонтално учење (наставниците учат едни од други) и се реализира преку различни видови организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, во училиштето и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење особено е важна тимската работа која овозможува споделување на добри практики и развивање и создавање на нови идеи. Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата во училиштето се врши преку состаноци на ниво на стручни активи, заедници за учење, работилници со сите наставници и отворени часови.

**План за хоризонтално учење**

| **Активност** | **Задача** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Следење на отворени и нагледни часови | Споделување на искуства, идеи | Наставен кадар | во текот на учебната година според програмите на стручните активи | Осовремени, стручно усовршени наставници, примена на добри практики |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Размена на дневни планирања, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставен кадар | во текот на учебната година на работни средби | Соодветни ресурси за наставата<br>Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| Размена на искуства меѓу наставниците од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставен кадар | во текот на учебната година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

20.5 Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

**План за подршка на воспитно образовниот кадар за нивно кариерно напредување**

| Активност | Време на реализација | Носител | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на програма за личен професионален развој | септември | Наставници, стручна служба Директорка и БРО | Анкети, листи за самопроценка, формални и неформални разговори | Детектирани и идентификувани потреби за проф.усовршување и изготвен личен план за професионален равој | Кординатор – ментор Соња И.Гоџирова<br>Тим за професионален развој, Директорка, педагог |
| Поддршка за обезбедување на средства за финансиска поддршка на наставниците кадар за учество на обуки | континуирано | Директорка, општина Центар, БРО и МОН | Формални и неформални разговори и средби | Овозможено учество на обуки и здобивање со сертификати | Директорка, наставници, стручна служба |
| Размена  на стекнатите знаења и вештини здобиени од завршените обуки | континуирано | Наставници, стручна служба, Директорка | Анкети прашалници, евидентни листови формални и неформални разговори, посета на часови | Промовирање и потенцирање на важноста за професионалниот развој | Кординатор – ментор Соња И.Гоџирова<br>Тим за професионален развој, стручна служба, Директорка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Размена на искуства, дисеминација на обуките, онлајн обуки | декември / мај | Обучени наставници | Разговори, дискусии и презентации за Обуките | Поголема мотивација за учење од искуства и споделување на знаењата | Кординатор – ментор Соња И.Гоџирова<br>Тим за професионален развој, стручна служба, наставници, Директорка |
| Интерна обука<br>Јавна дебата | јуни | НВО<br>Отворете ги прозорците | Разговори, дискусии и презентации за Обуките | Имплементација на инклузивно образование | Дефектолог Марија Јоноска<br>Директорка, педагог, наставници |

***Програма за Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар е дадена во <u>Прилог бр.40</u>**

## 21.Соработка со родителите / старателите

### 21.1 Вклученост на родителите / старателите во животот и работата на училиштето

Во училиштето функционира Советот на родители, кој е составен од родители од сите паралелки во училиштето и работи согласно својата програма за работа во која се планираат активности за соработка со училиштето и заедничко решавање на проблемите. Програмата на Советот на родители е изготвена од Претседателот на Советот на родители Викторија Мадиќ во соработка со родителите - претставници на паралелките и училиштето. Училиштето особено ги почитува напорите и желбата на родителите во постигнувањето подобри резултати на нивните деца, наши ученици. За таа цел, родителско училишната соработка исклучително е важна и партнерска затоа што целите ни се заеднички. Училиштето со својот стручен тим и Директорката оваа учебна има предизвик да ја интензивира оваа соработка со заеднички настани, активности во кои ќе разменуваат искуства, мислења за нивните очекувања од училиштето и обратно, со почитување на стручноста и професионалноста на наставниците како и образовната политика, правилата и куќниот ред на училиштето.

Заради остварување на заеднички интереси на родителите од учениците и училиштето ќе продолжи соработката меѓу родителите и училиштето. Оваа соработка ќе се остварува преку:

- индивидуални средби на родителите со одделенските раководители и предметнитенаставници;
- индивидуални средби и соработка на родителите со стручната служба и Директорката;
- родителски средби на ниво на паралелка – индивидуални игрупни;
- родителски средби на ниво научилиште;

Индивидуалните средби со родителите ќе се остваруваат во текот на целата учебна година. Родителски средби на ниво на паралелка ќе се реализираат задолжително на крајот на квалификационите периоди, а по потреба и повеќе во текот на оваа учебна година, на кои покрај

успехот и поведението на учениците ќе се разгледуваат и други актуелни прашања значајни за паралелката. Првата ваква средба ќе се одржи во текот на месец септември и за дневен ред се планираат следните содржини:

- запознавање со делови од Годишната програма за работа на училиштето и Куќниот ред на училиштето.
- запознавање со наставниот план и програмите за оваа учебна година
- прашања и тековни информации актуелни за почетокот на учебната година
- разгледување и давање на мислење за Годишната програма и Извештајот за работата на училиштето
- кооптирање на членови од Совет на родители за учество во комисии и претседател на комисии при избор на најповолни понудувачи за средства кои ги обезбедуваат родителите на учениците.

## 21.2 Вклученост на родителите / старателите во процесот на учење и воннаставноте активности

Родителите се  постојано, континуирано и непосредно вклучени во училиштето во секој сегмент, па и во учењето и воннаставните активности. Преку родителските средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор редовно се информирани за наставниот процес од страна на Директорката, наставниците, стручната служба и од нивните деца.

Во програмите за соработна со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручната служба предведена е соработка и поддршка од родителите за работа со ученици со потешкотии во развој и за надарените и талентираните ученици.

Родителите се вклучени и во професионалната ориентација на учениците, во организација и реализација на работилници, предавања, организирање на посети поврзани со наставната програма, трибини и различни манифестации и случувања, споделувајќи ги своите професионални знаења и искуства. Соработката со родителите на учениците ја следи тенденцијата на позитивно партнерство, конструктивна соработка, отворена и флексибилна комуникација во текот на целата учебна година.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку фејсбук и веб страната, соопштенија, брошури, флаери и слично. Стручната служба овозможува и секојдневно обавува советодавно-консултативни разговори со родителите. Исто така се одвиваат советувања со родители чии деца имаат слаб успех, голем број изостаноци или покажуваат асоцијално и несоодветно однесување. Советувањето на родителите е облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализира училишниот педагог. Едукацијата на семејството

се прави и народителски средби со теми кои ги реализираат одделенските раководители според условите и потребите на паралелката.
Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавноконсултативни работилници, со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието иполесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.
***Програмата за соработка со родителите/ старателите е дадена во Прилог бр. 41**

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### Локална заедница

Соработката со локалната средина ќе се одвива со активностите кои се планирани во програмите на Детската организација, Подмладокот на Црвениот крст и Јавната и културна дејност на училиштето, како и програмата за соработка со локалната средина и локалната заедница, дадени во **прилозите бр. 42, 44, 45 и 46.**
Училиштето е во секојдневна комуникација со претставниците од локалната самоуправа и Градоначалникот на општина Центар м-р Горан Герасимовски. Комуникацијата се одвива со одржување на состаноци, разговори, неформални и формални средби и пишана кореспонденција. Со општината се соработува и во однос на реализацијата на еколошката програма, активности и манифестации организирани или поддржани од општина Центар. Наставниците во своите програми конкретно планираат соработка со локалната заедница преку посета и запознавање со работата на Канцеларијата за млади на општина Центар, посета на институции и фирми, организирање на собири, акции и прослави во училиштето. На веб и фејсбук страната од училиштето и Општината, како и во локалните медиуми се промовираат постигнатите резултати и постигања.

### Институции од областа на културата

Со програмата за натпревари се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно историски споменици и музеи, поетски читања, театарски претстави и слично.

### Институции од областа на образованието

Училиштето секојдневно соработува со МОН (консултации и совети, барања, доставувања), БРО (консултации и совети, барања), ДПИ (редовни инспекциски увиди и интегрален увид), Комисијата за основно образование и Советот за основно образование, како дел од општината (консултации и совети, барања или доставувања), остварува соработка на сите нивоа со партнерското училиште ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од с.Долно Количани, Студеничани во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, како и со други основни и средни училишта (презентирање на средните училишта, известувања за запишани ученици, учество на конкурси, посета на отворени часови и учество на натпревари и конкурси (ПСУ АЛГОРИТАМ). Училишната библиотека во соработка со наставниците организира

посети на читалните од општина Центар – „Славко Јаневски“ и „Ацо Шопов“.

**Невладини организации**

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи планирана е соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале: Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, младински културни центри и еколошки друштва.

**Здравствени организации**

Училиштето воспоставува и одржува редовна соработка со здравствените организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените: Амбулантата „Бит Пазар“, Здравствениот дом „Идадија“, Центарот за јавно здравје, Центарот за социјални грижи и Центарот за ментално здравје.

Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна база, а изборот на осигурителни компании се врши согласно законот.

**Медиуми**

Со цел промоција на училиштето се соработува со печатени медиуми, детски весници „Наш свет“, Другарче“, „Развигор“, „Росица“, „Нова Македонија – Колибри“ и електронски на интернет-портали, веби фејсбук страница на училиштето,на „Голем одмор“ МТВ, радио емисии, но исто така, училиштето се промовира и на веб и фејсбук страните на институциите и организациите каде што нашите ученици земале учество во конкурси или реализирале разновидни активности, на пример Музејот на град Скопје, Археолошкиот музеј, ПСУ Алгоритам, Пионерски дом Карпош, НЛБ Банка и Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, детскиот литературен фестивал „Ракатки’ итн.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Имплементацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето ќе биде следена од страна на Директорката, педагогот на училиштето и Државниот просветен инспекторат. За таа намена ќе бидат изготвени инструменти за следење на пооделни подрачја.

| Приоритетни подрачја за следење | Начини и време на следење | Одговорно лице | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Организација и реализација на наставата и учењето | - Следење на планирањата и реализацијата на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и воннаставните активности; | Директорка, педагог, дефектолог | Наставен кадар |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Евидентни листи за следење на часовите и активностите и извештаи<br>Во текот на учебната година | | |
| Постигања на учениците | - Следење на календарот на оценување; увид и следење наобјективноста и транспарентноста на оценувањето; споредбени анализи на постигањата, напредокот, успехот, редовноста и поведението на учениците по предмети, одделенија и на ниво на училиштето.<br>- Записници од одделенски и наставнички совети, извештаи<br>На крајот на класификационите периоди, континуирано и по потреба | Директорка, педагог, дефектолог, тим за следење, анализа и поддршка | Наставници, ученици, родители, УО, МОН |
| Училишна клима | Следење на односите меѓу сите структури во училиштето во однос на почитувањето на етичките кодекси.<br>Увид и подршка во реализација на акциите, проектите, хуманитарните акции и хепенинзи<br>Континуирано | Директорка, педагог<br>Маја Саридис и тимот | Вработени, родители, ученици |
| Навремено водење на педагошка документација и евиденција | Увид и проверка преку инструменти за следење<br>На крајот на класификационите периоди | Директорка, педагог и училишни комисии за проверка на одделенските дневници и е-дневникот и целокупната педагошка евиденција | Наставници |
| Професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници | Водење на професионално досие, увид во личниот план за професионален развој на наставниците, обуките, семинарите | Тим за професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници | Директорка, БРО, МОН |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Континуирано | | |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма и нејзината имплеметација ќе се следи од секој наставник индивидуално и ќе известува писмено секое тримесечие кои од активностите се реализирани, а за нереализираните активности според планирањата, потребно е да се наведе причината. Реализацијата ќе ја следи Тимот за евалуација на Годишната програма за работа на училиштето.

**Тим за следење и евалуација на Годишната програма**

| Членови на тимот | Работна позиција |
|---|---|
| 1. Маја Ангелова | Директорка |
| 2. Сузана Аврамовска | Педагог |
| 3. Марија Јоноска | Дефектолог |
| 4. Наташа Јосимовска Георгиева | Одговорен наставник на стручниот актив по одд.настава |
| 5. Сања Трајкоска | Одговорен наставник на струч. актив по јазична група предмети |
| 6. Славица Божиновска | Одговорен наставник на струч. актив по природно-матем.група предмети |
| 7. Калина Митевска | Одговорен наставник на стручниот актив по општествен. група предмети |
| 8. Христијан Здравкоски | Одговорен наставник на стручниот актив по уметничка група предмети |

## 25. Заклучок

Годишната програма за работа на училиштето е подготвена во корелација со законските одредби, правилници, самоевалвацијата, развојниот план и искуствата од реализација на годишната програма од минатата учебна година.

Целокупниот наставен кадар ја вложува максимално својата визија, искуство, љубов и почит за остварување на планираните цели и очекува, согласно барањата на МОН, училиштето да обезбеди соодветна ИКТ опрема во соработка со основачот или донатори (лаптоп/деск компјутер - 4GB меморија, двојадрен процесор, минимум Виндоус 8.1 оперативен систем, ЛЦД проектор со тавански држач) во секоја училница т.е. кабинет и постојано јака интернет конекција, за во целост да може да се имплементира и онлајн наставата со цел работа со едукативни, покреативни и поинакви интернет алатки за достигнување на образовни цели за поттикнување на дискусии, емоционална интелигенција и критичко мислење.

Со оглед на бројот на ученици со ПОП и потешкотии во учењето, со белешка или без од овластени институции, и воедно тоа што дефектологот ќе ја врши својата дејност и во друго училиште (еден работен ден), имаме потреба од вработување на дополнително стручно и професиоално лице – психолог.

Во однос на спортските активности и здравјето училиштето обезбеди термини за активно функционирање на спортскиот клуб „Гоцеви ѕвездички“.
Од приложените табели се воочува дека училиштето оваа година запишани 34 првоодделенци (на списокот од МВР има 99 првоодделенци кои со адреса на живеење припаѓаат на реонот на училиштето). Од направената SWOT анализа заклучуваме дека за осипувањето на бројот на ученицисе наоѓа во надворешни елементи (иселување и/или преселување). Дел од учениците кои припаѓаат на наш реон се запишани во други училишта на територија на општина Центар, со или без претходно побарана согласност од нашето училиште.
Оваа форма на изработка на Годишна програма на училиштата бара поголема посветеност и време со однапред познати услови за работа како би била вистински документ за наставниците, родителите и учениците.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на училиштето

| **Име и презиме** | **Работна позиција** |
|---|---|
| Маја Ангелова | Директорка |
| Сузана Аврамовска | Педагог |
| Маја Ѓорѓиевска | Предметен наставник по Македонски јазик |
| Камелија Симоновска | Предметен на ставник по Англиски јазик |
| Слаѓана Елезовиќ | Предметен наставник по информатика |
| Слободан Покупец | Предметен наставник по математика |

## 27. Користена литература

- Закон за основно образование (Сл. Весник 161 од 25.08.2019)
- Закон за работни односи
- Концепцијата за деветгодишно основно образование
- Наставни планови и програми
- Развојна програма на училиштето
- Самоевалуација на училиштето
- Правилник за формата и содржината  на развојната и годишната програма на основното училиште
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта
- Концепција за воннаставни активности
- Нови правилници од МОН

- Норматив и стандарди за простор, опрема и наставни средства
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година

## 28. Прилози на Годишната програма за работа на училиштето:

### Прилог бр.1: Програма за работа на Директорката Маја Ангелова

Директорката на Училиштето во согласност со Законските прописи и Статутот на Училиштето ја извршува функцијата која подразбира спроведување и извршување на прописите, правилниците, одлуките од Училишен Одбор, заклучоците на Наставнички Совет и Совет на родители и превземање мерки за нивна реализација. Истовремено обезбедува непречено одвивање и организација на воспитно-образовниот процес.

| I. ПРОГРАМСКО–КОНЦЕПЦИСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
|---|---|---|
| **Програмскисодржини /работни задачи** | **Носители и соработници** | **Време на реализација** |
| - Анализа на претходната учебна година, мерки за унапредување на организацијата и работата на училиштето;<br>- Увид во матерјално-техничката и друга подготвеност на училиштето за работа; | Директорка, стручна служба, наставници | август / септември |
| Оперативна организација на активностите за почетокот на учебната година:<br>- Организација за прием на првачиња;<br>- Обезбедување услови заработа;<br>- Стручна и кадровска екипираност;<br>- Координација на хигиено-техничкиот персонал;<br>- Формирање паралелки, воспитно-образовни групи, распределба на часови, одделенија, паралелки, наставници, дежурства, одредување на одделенски раководители;<br>- Креирање тимови, стручни активи, одговорни наставници,задолженија;<br>- Активности за подобрена информираност на сите вработени, обезбедување точни, јасни и прецизни задолженија; | Надлежни институции Европски совет, МОН, општина Центар, наставници, вработени, Директорка | во текот на целата година |

| | | |
|---|---|---|
| - Информативни табли за наставници, родители, ученици низ училиштето;<br>- Креирање на анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите (комуникација, потреби и желби);<br>- Изработка на Информатор за работа на училиштето;<br>- Изработка на Финансов план за 2023/2024год.;<br>- Увид и анализа во реализација на годишни тематски и дневни планирања по наставни предмети;<br>- Учество во изготвување на планот за работа на Наставничкиот Совет;<br>- Организација на севкупната воспитно-образовна работаво училиштето;<br>- Реорганизација на наставата доколку се појави потреба за учење од далечина, согласно новата Концепцијата од МОН;<br>- Квантитативно и квалитативно следење на остварените воспитно-образовни резултати;<br>- Поддршка за изготвување на ЕМИС;<br>- Соработка со Општина Центар;<br>- Организација и реализација на активности, подобрување на хигенските и естетските услови во училиштето;<br>- Свечена приредба за прием на првачиња;<br>- Одредување на приемни денови за родители;<br>- Состаноци со Совет на родители за решавање на одредени прашања, проблеми и идеи;<br>- Дополнување на Кодексот на деловно однесување на вработенитево училиштето;<br>- Ажурирање на ВЕБ страната на училиштето;<br>- Организирање на еднодневен есенски излет за учениците од I-IX одделение;<br>- Договор и организација на целодневна настава и наставата со продолжен престој;<br>- Соработка со амбасади.<br>- Промотор на дигитално граѓанско образование на РСМ во Европски Совет во соработка со МОН | | |

| | | |
|---|---|---|
| - Креирање анкетни прашалници за наставниците (степенот, видот и потребата од обуки);<br>- Верификација на профили за професионален развој;<br>- Анализа на одговорите, потребите и превземање наактивности;<br>- Изработка на оперативна програма за интерни обуки нанаставниците;<br>- Маркетинг на училиштето, јавност во работата, веб страната на училиштето. | Директорка, педагог, одговорни наставници, | ноември / декември |
| - Работа со комисии координирање на тимови и активиитн.;<br>- Увид во дневната организација на работата, педагошка и електронска документација;<br>- Соработка со надлежни институции;<br>- Увид во дневната организација на работата, координација;<br>- Упатства, поддршка во подготовките за одбележувањена позначајни датуми; | Стручна служба,наставници, надлежни институции | ноември / декември |
| - Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието од 21.век;<br>- Обука од Директорката за наставниците од заштитата на личните податоци на социјалните мрежи;<br>- Обука за професионалниот и моралниот лик на наставникот согласно потребите и барањата научениците;<br>- Обука за тимската работа во училиштето;<br>- Демонстрација и презентација за примена на современи методи и техники вонаставата;<br>- Учество во следењето на успехот на учениците во сите квалификациони периоди;<br>- Учество во работата на комисијата за интерна евалуација на наставниците;<br>- Учество во активностите на интегралната инспекција. | Директорка, педагог,одговорни наставници и наставници | октомври / декември |
| - Учество во истражување на актуелно-образовнипрашања;<br>- Изработка на документација и иструменти за следење на реализацијата на програмата;<br>- Следење континуирано на новитетите во образованието во 21.век. | Одговорни наставници, педагог,наставници,надлежниинституции; | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Изработка на Полугодишен ифинален извештај;<br>- Учество во базари, новогодишни и божиќни активности;<br>- Сумирање на податоците од првото полугодие;<br>- Презентација на полугодишен извештај пред Совет на Општина Центар. | Одговорни наставници, педагог, наставници и родители | декември |
| - Подготовки за почеток на второто полугодие;<br>- Средување на училниците по новогодишните празници;<br>- Поправки на училиштето, чистење, дератизација и дезинсекција за време на зимскиот распуст;<br>- Подготовки и разработка на оперативни планови за следење на работата во продолжениот престој. | Педагог,наставници, комисии, надлежни институци | февруари / април |
| - Анализа на пропусти и потешкотии во секое одделение;<br>- Подрачје во првото тримесечие и првото полугодие, анализа на постигањата на крајот од учебнатагодина;<br>- Активностии помош при организирање на ученички натпревари. | Одговорни наставници, педагог,наставници | февруари / мај |
| - Анализа и сумирање на податоци од третото тромесечие и план за подобрување на квалитетот на наставата за успешно завршување на учебната година;<br>- Оперативен план за работа на тимовите, состаноци и информирање на наставниците;<br>- Предлог мерки за подобрување на општиот успех и постигањата на учениците;<br>- Избор на најдобар ученик/ученичка на крајот на секое тромесечие. | Педагог,наставници | април |
| **II.СЛЕДЕЊЕ НАСТРУЧНО – ПЕДАГОШКАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
| - Квалитативен и квантитивен увид во наставата;<br>- Запознавање на наставниот кадар со програмите, прирачниците, упатствата и слично;<br>- Учество во координација на наставните програми и организирање на воннаставни активности;<br>- Увид во педагошката документација;<br>- Консултативни советодавни разговори со вработените, помош и поддршка на наставниот кадар;<br>- Средби со ученици на паралелки (групно и индивидуално); | Стручна служба, наставници | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| - Изготвување на извештаи, анализи, барања итн.;<br>- Организација на проектни активности, контакти за меѓународни соработки и размена на искуства;<br>- Подготовки и изготвување систем за програма за талентирани и надарени деца;<br>- Учество во работата на стручни активи;<br>- Подготовки за изготвување оперативен план за интерните обуки (тема, обучувач, време). | | |
| - Анализа,заклучоци и предлог мерки за подобра и побрза организација на стручната служба, комисиите,тимовите итн.во однос на реализација на планираните активности и тековни задачи, унапредување на комуникацијата со воведување на е-комуникација и проток на информации, преку разгласот во училиштето, рационализација на работата. | Стручна служба, наставници | октомври / јуни |
| - Апликација за Еразмус проекти; | Директорка педагог, наставници, ученици | декември / јуни |
| - Организирање на информативни средби со наставниците, стручните активи и претставниците на ученичките заедници;<br>- Учество во работата на Ученичкиот Парламент. | Директорка, педагог, наставници, ученици | континуирано |
| - Активно следење на тимската работа, делегирање задолженија, почитување рокови и реализација на воспитно –образовниот процес и воннаставните активности;<br>- Планирање на едукативни работилници со родители и ученици;<br>- Подршка на промоција на наставниот кадар преку признанија, пофалници и мотивација | Педагог, наставници | континуирано |
| **III. ПЕРМАНЕНТНО, СТРУЧНО, ПЕДАГОШКО – ПСИХОЛОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТКАДАР** | | |
| - Идентификување на степенот, видот на обуките и професионалниот развој,<br>- Анкетни прашалници за наставниците (во процес). | Наставници, координатори на тимови, стручна служба | октомври/ декември континуирано |
| - Стручна дебата на тема Наставниците во 21 век, вештини, знаењакомпетенции | | |

| | | |
|---|---|---|
| - Советодавни и консултативни средби со стручните активи;<br>- Следење на наставникот во имплементацијата на новини во наставата;<br>- Стручна дискусија „Рефлексијата“ како насоки кон подобрување на планирањата на активностите, методите, техниките и стратегиите во класот. | | |
| - Определување на солиден ментор на наставникот– почетник и запознавање со неговите обврски; | Педагог, ментор(и) | по потреба |
| - Запознавање со прописите за водење на педагошка евиденција и документација;<br>- Едукација за примена наставната технологија и законските прописи;<br>- Пријавување на наставникот за полагање на стручениспит. | | |
| - Следење на законските акти, правилници за дејноста, координации, состаноци. | Стручна служба, активи | континуирано |
| - Редовна координација со педагогот на училиштето во надминувањето на предизвиците во училницата, решавање конфликти и посредување; | Стручнаслужба | континуирано |
| - Поттикнување на стручни расправи по сите прашања кои се на дневен ред на водење на состаноците; | Стручна служба и претседатели на активи | |
| - Подготвување и водење на седниците на Наставничкиот совет; | | |
| - Поднесување извештаи на Наставнички совети, пружање на Педагошка инструктивна настава со цел запознавање на организацијата на часот и односот спрема Ученикот/чката;<br>- Посета на часови во редовна настава со цел запознавање со организацијата на часот и односотна наставникот кон учениците;<br>- Инструктивна и конструктивна работа со родителите и наставниците, со цел унапредување на воспитно-образовната работа воучилиштето. | | |
| **IV. АНАЛИТИЧКО–СТУДИСКАРАБОТА** | | |
| - Анализа и подготовка за воведување на новата наставна програма за I и VII одд,<br>- Анализирање и проучување на сите видови планирања и програми на наставниците за наставата и вонннаставните активности<br>- Анализа на ИОП | Стручна служба | континуирано |

## Прилог бр. 2: Програма за работа на училишниот педагог Сузана Аврамовска

Работата на училишниот педагог претставува интегрален дел на предвидените активности од Годишната програма за работа на Училиштето во насока на следење и унапредувањето на воспитно- образовната дејност во основното училиште. Целта на педагошката работа ќе биде да ги воочува и идентификува педагошките и дидактичко - методските прашања и проблеми со кои се соочуваат наставниците, учениците и родителите во реализацијата на воспитно - образовната работа.

| Подрачје | Време на реализација |
|---|---|
| **1. ПРОГРАМИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ И УЧЕСТВО ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО** | |
| **1.1. За ефикасно организирање на воспитно-образовната работа на Училиштето учествува во изготвувањето на:**<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Годишна програма за работа на педагогот<br>- Програма за работа на тимот за инклузија<br>- Програма за работа на ученичка заедница<br>- Програма за превенција на насилно однесување<br>- Програма за еколошка едукација во воспитно-образовниот систем<br>- Грижа за здравјето на учениците<br>- Програма за професионална ориентација на учениците<br>- Програма за работа со надарени и талентирани ученици<br>- Програма за работа со ученици со ПОП<br>- Годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето<br>- Годишен и полугодишен извештај за работата на педагогот<br>- Самоевалуација на реализирани активности од минатата учебна година<br>- Акционен план за програмата<br>- Учество во изготвување информатор за родители и ученици | август<br>јануари<br>јуни |
| **1.2. Учество во:**<br>- Работата на стручните органи и тела<br>- Одделенскиот совет<br>- Наставничкиот совет<br>- Совет на родители | август<br>јануари<br>јуни |

| | |
|---|---|
| - Стручни активи<br>- Подготовка на интерна документација за училиштето, правилници, процедури и правила<br>- Учествува во Самоевалвација на училиштето | |
| 1.3. Работа во стручни тимови за:<br>Самоевалуација, тимот за изработка на Годишна програма за работата на училиштето**,** во Инклузивниот тим на училиштето, еколошка едукација во воспитно-образовниот систем, тимот за МИО, учество во активностите и акциите, учество во подготовка на процедури и постапки кои се однесуваат на разни сегменти од работата на училиштето. | во текот на годината |
| **1.4.** Годишен статистички извештај за крај на учебната година и информирање на надлежни институции за состојбите - МОН, општина Центар<br>Статистички податоци за бројот на запишаните ученици по пол и етничка припадност и навремено доставување до општината Центар, МОН | август<br>септември |
| **2. НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО ВО ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС** | |
| **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | |
| **2.1. Следење на успехот**<br>- Подготовка на формулари за следење на успехот редовноста и поведението на учениците<br>- Учество во прибирање податоци за изработка на компаративна анализа за успехот редовноста и поведението на учениците во сите класификациони перод и од учебната година | ноември<br>јануари<br>април<br>јуни |
| **2.2. Утврдување на подготвеноста на децата за воспитно-образовна работа во прво одделение**<br>**Активности:**<br>- Учество во комисијата за прием на учениците во прво одделение<br>- Прибирање на потребната документација<br>- Подготовка на табеларни прегледи за запишани ученици во прво одделение<br>- Распределба по паралелки<br>- Доставување на прегледи на барање на МОН и Општина-Центар | мај<br>август |
| **2.3 Наставен процес**<br>**2.3.1 Изборна настава**<br>**Активности:**<br>- Изработка, примена и обработка на анкетни листови<br>- Подготовка на табеларен преглед | мај<br>јуни |
| **2.3.2. Додатна и дополнителна настава**<br>- Поддршка во планирањата на додатната и дополнителната настава<br>- Следење и евиденција на реализација на додатната и дополнителната настава | во текот на годината |

| | |
|---|---|
| **2.3.3. Работа со надарени ученици**<br>**Активности:**<br>- Препознавање на карактеристиките на надареност во развојните периоди<br>- Препознавање на надворешно однесување | септември<br>јуни |
| **2.3.4. Работа со ученици со посебни потреби**<br>**Активности:**<br>- Поддршка на наставниците<br>- Соработка со инклузивниот тим за образование<br>- Советодавна работа со родители<br>- Водење на документација | септември<br>јуни |
| **2.3.5. Еко програма**<br>**Активности:**<br>- Следење на програма и активности<br>- Анализа на животната средина<br>- Член на ЕКО одбор<br>- Следење и евалуација | во текот на годината |
| **2.3.6. Оценување**<br>**Активности:**<br>- Учество во следењето на успехот на учениците во сите квалификациони периоди<br>- Учество во работата на комисијата за интерна евалвација на наставниците<br>- Учество во активностите на интегралната инспекција | ноември<br>јануари<br>април<br>мај<br>јуни |
| **2.4 Поддршка на учениците**<br>**2.4.1 Подготовка на компаративни анализи за успехот, поведението и редовноста на учениците во сите класификациони периоди**<br>**Активности:**<br>- Прибирање и анализирање на податоци од наставниците | ноември<br>јануари<br>април<br>јуни |
| **2.4.2 Соработка со наставниците од прво одделение во однос на адаптираноста на учениците во прво одделение (учење и настава)**<br>- Разговор со наставниците по потреба<br>- Работа со ученици<br>- Разговор и консултации со родителите | септември |
| **2.4.3. Советодавна работа со одделенските раководители за подобрување на состојбите со ученици со потешкотии**<br>**Активности:** | во текот на годината |

| | |
|---|---|
| - Опсервација на учениците на час<br>- Разговор со наставници<br>- Препораки за подобрување<br>- Водење на евиденција | |
| **2.4.4. Професионална ориентација на учениците**<br>**Активности**<br>- Информирање на учениците за изворите од кои може да се добијат подетални информации<br>- Информирање на учениците за критериумите за избор, за условите за запишување, потребните документи за запишување, конкурсни рокови и критериуми за избор<br>- Поддршка при презентирање на пропаганден материјал од средните училишта во форма на флаери<br>- Организирање на посети на средни училишта за учениците од деветто одделение<br>- Евиденција на опфатот на учениците во средните училишта | март<br>мај |
| **2.4.5 Првенец на генерација, ученици на генерација, ученици на паралека**<br>**Активности:**<br>- Доставување и прибирање на формулари од наставниците<br>- Водење на евиденција (прибирање на доказен материјал од учениците)<br>- Учество во работата на комисијата за избор на ученици | мај<br>јуни |
| **2.5 Следење на наставата**<br>- Увид во планирањата на наставата и консултации во врска со подобрување на истите<br>- Увид во планирањата на наставниците за наставата и евиденција<br>- Следење на квалитетот на изведување на наставниот процес<br>- Консултации со наставникот за целите на посетата<br>- Учество и соработка со стручните активи<br>- Обсервација на час<br>- Водење на евиденција<br>- Планирање и учество во реализацијата на проекти во Училиштето (воннаставни активности на учениците)<br>- Евиденција на изречени педагошки мерки<br>- Соработка во работата со ученици кои имаат потешкотии и проблеми од различен карактер | септември<br>во текот на годината |
| **2.6. Педагошка евиденција и документација**<br>- Водење на педагошка евиденција и документација за запишани и отпишани ученици<br>- Следење на педагошка евиденција и документација и консултации со наставници<br>- Водење на сопствена евиденција и документација<br>- Водење педагошки картони за наставници | во текот на годината |

| | |
|---|---|
| **2.7. Соработка со други институции**<br>- Учествува во работата на Секцијата на училишни педагози<br>- Соработува со основните и средните училишта, факултетите и други научни институции<br>- Локалната средина<br>- Бирото за развој на образование<br>- Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија<br>- Центарот за социјални работи, Центарот за ментално здравје, Центар за меѓународна класификацијана функционирањето (МКФ)<br>- Центарот за малолетничка деликвенција, полициска станица Центар | во текот на годината |
| **3. ЛИЧНО И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ** | |
| **3.1** Учество на обуки, семинари, Еразмус проекти, проекти, проучување на стручна литература во насока на унапредување на својот професионален и кариерен развој | во текот на годината |

**Прилог бр. 3: Програма за работата на училишниот специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) Марија Јоноска**

| **Подрачје на активност** | | |
|---|---|---|
| **Содржини за работа** | **Реализатори и соработници** | **Време на реализација** |
| **Програмско-концепциско подрачје** | | |
| Изработка на сопствената Годишна програма за работа; | Дефектолог | август |
| Учество во изработката на Годишната програма на училиштето: | Стручна служба, Директорка | август |
| Учество во тимовите на ниво на училиште според Годишната програма на училиштето; | Стручна служба, Директорка | континуирано |
| Изработка на сопствена месечна програма за работа; | Дефектолог | август |
| Учество во изработка на Годишната програма за Инклузивниот тим; | Стручна служба, инклузивен тим | август |
| Изготвување на распоред за индивидуална работа и асистирање за време на часовите кај учениците со ПОП; | Дефектолог | септември и јануари |
| Средување на потребната документација. | Дефектолог | континуирано |
| **Работа со ученици** | | |

| | | |
|---|---|---|
| Прифаќање на учениците со ПОП, континуирано следење на нивната состојба и можности; | Стручна служба, Директорка, наставници, родители | август / септември |
| Изработка на дефектолошка процена на учениците со ПОП чија цел е процена на индивидуалните можности и способности; | Стручна служба, наставници, родители | септември / октомври |
| Спроведување на опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на учениците со ПОП; | Наставници, Дефектолог | септември / октомври |
| Индивидуален пристап / асистенција за време на часот кај учениците со ПОП; | Дефектолог | континуирано |
| Учество при упис на првачиња; | Стручна служба, наставници, Родители | мај / јуни |
| **Стручна поддршка и следење на напредокот на учениците со ПОП** | | |
| Давање соодветна стручна помош и поддршка на учениците кои започнуваат со вклучување во редовната настава и адаптирање во средината; | Наставници, стручна служба | септември / октомври |
| Изготвување соодветна подготовка на одделенијата за прифаќање на учениците со ПОП; | Наставници, стручна служба | септември / октомври |
| Давање соодветна поддршка во училниците каде има вклучено ученици со ПОП: | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Континуирано водење на досиеја за учениците со ПОП; | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Партиципација во изработката на индивидуалните образовни програми (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби (ПОП); | Наставници, стручна служба, Инклузивен тим | август / септември |
| Континуирано користење на диференцијацијата и индивидуализацијата чија цел е обезбедување на пристап на учениците со ПОП до наставните содржини: | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Партиципација во ревизиите на индивидуалните образовни програми кај учениците со ПОП: | Наставници, стручна служба | декември / јануари<br>мај / јуни |
| Информирање упатено кон учениците и нивните родители за потребата од вклучување на дополнителни сервиси за поддршка. | Наставници, стручна служба, инклузивен тим | континуирано |
| **Професионална и кариерна ориентација на учениците** | | |
| Континуирано следење, вршење на анализа и евалуација на напредувањата на учениците со ПОП; | Стручна служба, Наставници | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Соработка со невладиниот сектор и Општината; | Дефектолог | континуирано |
| Професионална ориентација за учениците кои завршуваат IX одд.; | Дефектолог | мај / јуни |
| **Непосредна работа со учениците** | | |
| Индивидуална работа со  учениците со цел совладување на одредените наставни содржини, односно нивно соодветно интерпретирање; | Дефектолог | континуирано |
| Вежби и активности предвидени за развојот на социјалните вештини и комуникација/ онлајн активности во зависност од ситуацијата и можностите; | Дефектолог | по потреба |
| Вежби за надминување на дислексија, дисграфија и дискалкулија; | Дефектолог | по потреба |
| Континуирано следење на учениците со ПОП; | Дефектолог | континуирано |
| Следење на учениците, нивното постигање, нивните можности и капацитети преку снаоѓање и користење на социјалните мрежи. | Дефектолог | континуирано |
| Одбележување на 3 Декември – Светски ден на лицата со посебни потреби | Дефектолог | декември |
| **Советодавно-консултативна работа со наставници** | | |
| Спроведување состаноци, консултативно-советодавна работа со наставниците на учениците со ПОП; | Наставници | континуирано |
| Инструкции за соодветни насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата; | Наставници | континуирано |
| Инструкции за соодветни насоки за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП; | Стручна служба, Наставници | континуирано |
| Инструкции за специфична методичка помош по одделни образовни дисциплини; | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Континуирано изготвување на  стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП; | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Следење, советување, консултации и работа со наставниците со цел спроведување активности за учениците со ПОП за онлајн настава; | Дефектолог, наставници | континуирано |
| Одржување на работилница за наставници при подготовката на ИОП и ревизија. | Дефектолог | јануари |
| **Работа со родители** | | |
| Соработка со родителите на учениците со ПОП чија цел е подобро | Родители, | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| разбирање на состојбата на сопствените деца за да им ја дадат потребната помош и поддршка/ онлајн состаноци, консултации и советување во зависност од ситуацијата и можностите; | ученици | |
| Континуирано поттикнување на родителите на учениците со ПОП за поголемо присуство во училиштето и училишниот живот; | Родители, ученици, Наставници | континуирано |
| Родителите се информираат за напредокот на нивните деца; | Родители, ученици, наставници | континуирано |
| Информираност на родителите за нивните права и обврски; | Дефектолог | континуирано |
| Спроведување консултации, советувања, испраќање на разни наставни материјали преку социјалните мрежи со цел работење индивидуално со детето со ПОП во домашни услови и постигнување на целите. | Дефектолог, Родители | континуирано |
| **Соработка со други институции** | | |
| Остварување соработка со невладиниот сектор и општината; | Дефектолог | континуирано |
| Учество во разни проекти, обуки, работилници, предводени од локалната заедница/ присуство на онлајн обуки; | Дефектолог | континуирано |
| Соработка со МКФ (Меѓународен класификација на функционирањето) за деца со ПОП; | Дефектолог | континуирано |
| Соработка со ПОУРЦ „Иднина“; | Инклузивен тим | континуирано |
| Соработка со фондацијата „Чекор по чекор“. | Дефектолог | континуирано |
| **Професионално усовршување на дефектологот** | | |
| Предвидени се посети и реализации на идни обуки кои ќе бидат наменети за лица со ПОП од разни акредитирани здруженија, приватни обуки, онлајн обуки и слично. | Дефектолог, наставници | во текот на првото и второто полугодие |
| **Училишна структура и организација** | | |
| Периодично следење на изработката на евиденцијата и документацијата на учениците со ПОП; | Дефектолог, Наставници | континуирано |
| Воспоставување на соодветна грижа за вклученоста на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници (помагање на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП); | Дефектолог, Ученици | континуирано |
| Континуирано градење на инклузивна клима и култура за прифаќање на учениците со ПОП. | Дефектолог, наставници, Ученици | континуирано |

**Прилог бр. 4: Програма за работата на училишниот библиотекар**

| Активности | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|
| - Подготовка и уредување на училишната библиотека за учебната 2023/2024 година.<br>- Прием и распределување на бесплатните учебниците на учениците.<br>- Собирање на позајмените книги и лектири кои не биле навремено вратени изминатата учебна година.<br>- Обновување на оштетените книги.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Запознавање на учениците со детските списанија кои ќе можат да ги добиваат во училиштето, а тоа се: Росица (за учениците од I одделение), Другарче (за учениците од II и III одделение), Развигор (за учениците од IV и V одделение), Наш Свет (за учениците од VI до IX одделение).<br>Формирање и организирање на библиотекарска секција. | Наставници, педагог, ученици, Директорка, издавачка куќа Просветно дело, МОН | септември |
| - Посета на училишната библиотека од првачињата во нашето училиште и нивно запознавање со работата на библиотеката.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Распределување на бесплатните учебниците на учениците.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд.<br>- Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал.<br>- Оспособување на учениците од библиотекарската секција за работа во библиотеката и самостојно користење на библиотечен материјал. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, писател, издавачка куќа Просветно дело, општина Центар | октомври |

| | | |
|---|---|---|
| - Читање творби по повод „Месецот на книгата“и организирање на средба со некој современ писател.<br>- Месечно прогласување на најдобар читател. | | |
| - Читање творби по повод 13 Ноември (ослободување на Скопје) со членовите на библиотекарската секција.<br>- Работилница на тема “Со помош на книгата го запознаваме светот“.<br>- Месечно прогласување на најдобар читател.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Распределување на бесплатните учебниците на учениците.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд.<br>- Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал. Работилница на тема “Изработка на корица за омилената книга“.<br>- Поетско читање на тема “Зима“.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд.<br>- Реализирање работилници “Со читање до лидерство “ (во соработка со наставниците по Македонски јазик) за стекнување и развивање на говорно комуникациските вештини кај учениците.<br>- Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал. | Наставници, ученици, педагог, Директорка. | ноември |

| | | |
|---|---|---|
| - Потсетување на учениците за навремено враќање на книгите кои биле земени во текот на првото полугодие како и давање предлози, согласно со нивните желби за читање, за книги кои би сакале да ги прочитаат за време на зимскиот распуст.<br>- Новогодишно уредување на библиотеката со учениците од библиотекарската секција.<br>- Месечно прогласување на најдобар читател. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело | декември |
| - Подготовка и уредување на училишната библиотека за второто полугодие од учебната 2024/2025 година.<br>- Работилница ,,Омилени цитати од познати автори"<br>- Обновување на оштетените книги.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд.<br>- Разговори со учениците за прочитаните книги во текот на зимскиот распуст, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело | јануари |
| - Одбележување на 14 февруари - Меѓународниот ден на дарувањето книга.<br>- Одбележување на 21 февруари - Меѓународен ден на мајчиниот јазик, промовирање на лингвистичката и културната разновидност и мултилингвизмот.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело | февруари |
| - Позајмување на библиотечен материјал и водење писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд. | | |

| | | |
|---|---|---|
| - Реализирање вonнаставни активности за читање и пишување (натпревари, читачки клубови, средби со писатели, литературни читања драмски секции, клубови на млади писатели).<br>- Разговори со учениците за прочитаните дела, согледување на нивните интерееси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал.<br>- Месечно прогласување на најдобар читател. | | |
| - Работилница на тема “Нашиот однос кон книгата“– како се чита книга, правилен избор на литература, внимателно читање, чување на книга и навремено враќање.<br>- Поетско читање на тема “Пролет“.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд.<br>- Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал<br>- Месечно прогласување на најдобар читател. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело | март |
| - Одбележување на Светскиот ден на книгата (23. Април) со учениците од библиотекарската секција.<br>- Организирана посета на Саемот на книгата кој оваа година се одржува по 35 пат.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција.<br>- Контрола и грижа за книжниот фонд. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело, саем на книгата | април |

| | | |
|---|---|---|
| - Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал.<br>- Месечно прогласување на најдобар читател. | | |
| - Спроведување на анкета меѓу учениците " Која книга сакате да ја набавиме во училишната библиотека".<br>- Спроведување на акцијата " Да подариме една книга на училишната библиотека", заедно со членовите на библиотекарската секција и учениците од V одделение.<br>- Посета на библиотека или посета на читалната „Славко Јаневски" која се наоѓа во непосредна близина на училиштето,во општина Центар<br>- Оспособување на учениците самостојно, брзо и ефикасно да пронаоѓаат потребни информации при барање на литература во библиотеката.<br>- Примање на детските списанија, нивно распределување на учениците како и водење евиденција за истите.<br>- Позајмување на библиотечен материјал и водење на писмена евиденција. | | мај |
| - Разговори со учениците за прочитаните книги, согледување на нивните интереси, давање на предлози со цел развивање на љубов и наклонетост кон книгата како и формирање на навики за внимателно ракување со книгата, чување и заштита на библиотечниот материјал.<br>- Месечно прогласување на најдобар читател. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело, градска библиотека, НУБ, читална „Славко Јаневски" | |
| - Прогласување на најчитана книга на годината.<br>- Прогласување на учениците кои прочитале најмногу книги во текот на учебната 2023/2024 година, како и избор на книги за награда за најредовните читатели.<br>- Собирање на позајмените книги и лектири кои биле земани во текот на учебната година.<br>- Составување на список за набавка на потребни лектири и книги за училишната библиотека за наредната учебна година. | Наставници, ученици, педагог, Директорка, издавачка куќа Просветно дело, МОН | јуни |

| | | |
|---|---|---|
| - Водење евиденција за детските списанија.<br>- Враќање на бесплатните учебници од учениците и пополнување на формулар за нарачка на нови бесплатни учебници за учениците за учебната 2024/2025 год.<br>- Средување на библиотеката.<br>Изготвување на Извештај за работата на библиотеката за учебната 2024/ 2025 година. | | |

## Прилог бр. 5 Програма за работа на Училишниот одбор

### Активности на Училишниот одбор

- Носење на интерни правни акти неопходни за нормално функционирање на училиштето.
- Разгледување и усвојување на Предлог Годишната програма за работа на училиштето во 2024/2025 година
- Разгледување  и усвојување на Предлог Финансов план на училиштето за учебната 2024/2025 година
- Почеток на учебната 2024/2025 година
- Одлука за спроведување постапка за избор на најповолен понудувач за организирање и изведување на екскурзии (објавување оглас) и формирање на Комисија за спроведување на постапката Согласност од УО за избор на најповолен понудувач за организирање и изведување на екскурзии и др.слободни активности на ученици
- Одлука за издавање на користење на училишен простор
- Пописна комисија - Одлука за 2024 г.
- Разгледување на Предлог полугодишниот извештај за работа на училиштето во првото полугодие од  учебната 2024/2025 година
- Донесување Одлука за усвојување на Предлог полугодишниот извештај за работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2024/2025 година
- Разгледување и донесување Одлука за извештај за финансиско работење за првото полугодие од учебната 2024/2025 година
- Давање Мислење за прием на наставници и стручни соработници на определено време по објавен јавен оглас

- Разгледување и усвојување на Годишна завршна сметка за 2024 год.
- Разгледување и усвојување на планот за јавни набавки на училиштето
- Следење на квалитетот на наставата и резултатите на учениците
- Одлучување по евентуално доставени приговори и жалби на ученици, родители односно старатели на ученици и вработени во училиштето
- Донесување Одлука за усвојување на Предлог годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2024/2025 година

## Приоритети во работата на Училишниот одбор

- Работа на УО во функција на создавање на услови за изведување на современа и квалитетна настава во училиштето која ќе им овозможи на учениците да се здобијат со трајни и применливи знаења и вештини, неопходни за подобро и поефикасно продолжување на своето образование во средните училишта; подобрување на училишната клима и генерално подобро фунцкионирање на училштето во сите сегменти.

## Време на реализација

- Во учебната 2024/25 година Училишниот одбор ќе одржи онолку седници колку што налагаат потребите и динамиката на работа во училиштето.

## Прилог бр. 6: Програма за работа на Советот на родители

Работата на Советот на родителите во основните училишта е регулирано со член 145 од Законот за основното образование и член 89 од Статутот на училиштето. Училиштето обезбедува на родителите навремени информации за се што е поврзано и релевантно за школувањето на нивните деца во текот на целата учебна година преку организирани родителски и индивидуални средби. Училиштето обезбедува услови за работа на Советот на родители.

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира Совет на родители на училиштето. Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката.

**Советот на родители:**

- дава мислење за предлогот на програмата за развој и за годишната програма за работа на основното училиште;
- расправа за извештајот за работата на училиштето;
